**Калина Сливовска - Андонова**

# СУДБИНИ

**СКОПЈЕ**
**2015**

Автор
**Калина Сливовска-Андонова**

Наслов
**СУДБИНИ**

Издавач
**Калина Сливовска-Андонова**

Рецензенти
**Драги Аргировски**
**Таска Гавровска**

Дизајн на корицата
**Филип Андоновски**

Компјутерска и графичка подготовка
и печатење
**РИ-Графика**

Видување за книгата на Драги Аргировски, новинар и публицист

# Разкази од албумот на животот

Со расказите поместени во книгата „Судбини“ на Калина Сливовска - Андонова не се среќавам прв пат. Имав задоволство некои од нив да прочитам пред повеќе години. При тоа секогаш имав впечаток дека и јас сум бил на тој настан или сум ја сретнал личноста за која пишува. Секој расказ е една сликичка од албумот на животот виден со нејзините очи, почувствуван човечки и интимно. Секој расказ зборува за луѓето што секојдневно ги среќаваме, со кои разговараме или се дружиме без да го видиме и почувствуваме она што тие го носат во својата душа. Сето тоа, Андонова успева да го види и тоа мошне успешно. Тоа е така бидејќи таа како личност и човек ги препознава маките, проблемите и радости на луѓето, при тоа секогаш подготвена да помогне, но и да сослуша. Од сето тоа се исплетени нејзините кратки разкази кои во литературата спаѓаат во еден од потешките литературни форми, бидејќи во нив со малку реченици треба да се каже многу. Андонова успева во тоа, давајќи им на расказите и една интересна нитка и крај кој честопати е неочекуван и изненадувачки.

Можеби во сето тоа има удел и нејзиното дружење со добрата книга и пишаниот збор уште како ученичка и нејзиното учество на многу литертурни конкурси каде редовно добива награди.

И покрај тоа, љубовта кон егзактните науки преовладува, па можеби затоа во нејзините раскази чувствата и нештата се прикажани со точност и прецизност...

Инаку, Андонова ја запознав како квалитетен и трудољубив професионалец - дипломиран инижинер на електроника во Македонската телевизија и успешен технички директор на јавниот сервис. Темите на нашите средби најчесто беа од новинарската проблематика, но и за прочитаните книги или гледаните филмови, особено за екранизирани романи. Се сретнувавме и на разни промоции и саеми на книгата.

Во нашите разговори дознав дека повремено пишува раскази и дека има големи познавања за македонската и светската литература.

Со пензионирањето, таа му се препушта на пишувањето, најпрвин пишувајќи раскази за своја душа, а потоа и написи за пензионерските случувања за весникот „Пензионер плус“. Денес Андонова е уредник на весникот „Пензионер плус“, во издание на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и на прилогот „Пензионерски видици“ во „Нова Македонија“.

Во своите раскази Андонова најчесто пишува за животот во третото доба, време во кое актерите се луѓе со проблеми и болести, но и со енергија на која многумина можат да им позавидат. Во своите раскази пишува за пријателството, за другарувањето, за љубовта и тагата, за радоста и жалоста (Лидија, Средба), но пишува и за соживотот (Селма, Соживот, чесноста, гордоста и мудроста (И домот е дом, Докторот и неговиот старски

дом). Во разказите присутна е и меѓугенерациската љубов (Еленче и нејзините баби, Татко), но и разидувањата на мислењата на децата и родителите (Трето доба). Третирајќи интересни теми од животот успешно отсликува судбини на најчесто возрасни луѓе со нивните текоби и надежи. Нејзините разкази се приказни од животот што биле, се и ќе бидат во фокусот на нејзиното творење. Секоја судбина на луѓето е интересна и поучна прикаска која кај  читателите создава неизмерно сочувство и треперење на душата.

Она што посебно ми се допаѓа во кратките расказите на Андонова е што во нив доминира поттикнувањето убавото и доброто да го победи лошото, да се зголеми довербата на луѓето и нивната љубов, како и надежта кон животот и иднината. Со други зборови, иако таа во своите раскази не претендира да остави впечаток на искусен автор, нејзините приказни се раскажани со душа, а нивата содржина им е блиска на многумина. Јазикот на кој пишува е едноставен, јасен и недвосмислен, реален и разбирлив. И не само тоа. При читањето на расказите секој кој ја познава Андонова ќе ја препознае во нив, бидејќи таа како личност е многу слична на своите творби. Отворена, дружељубива, активна личност, личност која ги почитува вредните и трудољубиви луѓе, бидејќи таква е и самата таа.

Според сето тоа дефинитивно може да се заклучи дека авторката Калина Сливовска-Андонова треба да продолжи со ова творечко делување, на свое и на задоволство на читателите, особено на тие од третото доба.

Мислење за книгата „Судбини“, на Таска Гавровска, вљубеник во убавиот пишан збор

# Многу кажано со малку зборови

Начинот и облиците на раскажување се менувале со времето и околностите, но потребата за приказната и раскажувањето останува иста. Можеби раскажувачот со својата приказна се обидува да му помогне на човекот да се најде себеси, или можеби само сака да ни ги осветли, барем малку, темните патишта на кои животот често не фрла. И за тој живот што го живееме, а не секогаш и го разбираме, да ни каже нешто повеќе отколку што ние можеме да осознаеме и да сфатиме. Така, често, од зборовите на добриот раскажувач ја согледуваме смислата на животот, ја одгатнуваме тајната на постоењето...

Расказот како литературен жанр и неговата виталност се несомнени, а неговата разновидност, тематското богатство, стилската и композициска разноликост се големи, и тој се смета за еден од најчестите облици на изразување. А можеби најточна дефиниција за расказот е да се каже многу со малку зборови. Па, не секогаш, и не сите, со малку можат да кажат многу! Затоа и книгата раскази на Калина Сливовска-Андонова насловена како „Судбини“, плени со многу кажаното во малку зборови. Книгата содржи триесет и четири куси раскази, а секој од нив како да ни шепоти за длабоките тајни на животот. Приказните во нив исткаени во душата на авторката ни ја раскажуваат приказната за нас

самите, за тајните на нашето срце и дух, за нашето место во животот. Во нив таа се обидува да ги најде скриените клучеви на човековата душа. Така, кога пред години почнав да ги читам расказите на Андонова, веднаш ме освои непосредноста на нејзиното раскажување, препознатливоста и блискоста на темите од нејзините раскази и како да ги препознав ликовите за кои раскажува, како да сум ги проживеала и јас некои од животните приказни на луѓето за кои ни раскажува, како да сум била на местата на кои се случило тоа што ни е раскажано. Читајќи ги судбините на нејзините ликови, се раѓа мислата и желбата за блискост, човечност, споделување и на доброто и лошото, а тоа чувство како невидлива и ненаметлива порака допира до вистинскиот читател.

Сите раскази можат да се поделат во неколку делови:

Во еден дел од расказите авторката ни зборува за луѓето кои чекорат надолу по животната лествица, „во темна длабочина без месечина“, но на крајот на приказната сепак се согледува смислата на животот. Посебно интересен е расказот „Прељубници“, кој е исто така за луѓето од третата доба, но со нота на духовитост и животна реалност: „се поздравија и секој тргна во свој правец“.

Во вториот дел се расказите во кои се зборува за вплетканоста на човекот во пајаковата мрежа на животот во која сме сите ние, во секое доба од животот, исто како и ликовите од расказите. Но сите години имаат своја убавина, па иако ги гледаме патеките низ

животните лавиринти, честопати ни се чини како да нема излез („Дете“, „Таа“, „Виолинистот“, „И домот е дом“, „Во име на љубовта“, „Зошто“), па сепак се гледа светлината на крајот од тунелот, се топи мразот, душата се отвора за прошка. Авторката ни ги покажува своите ликови во критични мигови од животот, и ја следи драмата на нивното душевно преобразување.

Во третиот дел, гледајќи го животот со широко отворени очи, таа ни ги раскажува судбините на „Цвеќарката“, „Газдарицата“, на „Дете“, „Малку треба за среќа“ каде човек наоѓа сила и волја дури и кога животот не му е благонаклонет, кога препреките изгледаат непремостиви, да најде сила да ги премости.

На крај, да го споменам и расказот „Последниот разговор со мајка ми“, кој плени со својата едноставност и емотивност.

Наративноста во расказите на Андонова е лесна, јазикот богат и убав, а мислата јасна и со порака.

Читајќи ги расказите, честопати во нив ќе најдеме одмор за нашите од секојдневието уморни души, но и сознание дека во искушенијата не сме сами, и дека секогаш има некој зрак на надеж...

Кога авторката ми понуди да ја прочитам нејзината книга раскази, уште еднаш ги прочитав расказите кои веќе ги знаев, а и оние со кои се сретнав за првпат и ги напишав моиве размислувања како поздрав за нејзиниот успешен исчекор во светот на убавиот збор и како препорака за читателите коишто таа секако ќе ги има. Не се сомневам дека ова искрено и топло четиво изнедрено од душата и животното

искуство на авторката, ќе биде прифатено  со интерес и внимание од нашата читателска публика, особено од оние во поодминати години.

# ТРЕТО ДОБА

Сонот не ѝ доаѓа. Подзамижана гледа низ прозорецот. Темна бесконечност, без месечина. Нема ништо што ќе се подаде како облик, како форма. Сѐ е без содржина. Тишина. Во главата хаос од мисли. Во душата хаос од измешани емоции. На што да се реши? Каде е излезот од лавиринтот на животот? Го бара решението и во срцето и во разумот. Лавиринтот е сѐ позаплеткан, со повеќе излези. На едниот излез нејзините возразни синови со поглед вперен во неа. Зошто не сакаат да ја разберат, а чудни барања и поставуваат?! Се прашуваат ли дали имаат право на нивните чудни барања?! Да се откаже од сѐ во името на некаква „одговорност и должност“. Кон што!? Кон нив, на кои им ја подарила целата своја младост. Кон нив, заради кои се откажувала од задоволства што ги чинат малите нешта, личната среќа и исполнување. Должност. Да им набави сѐ. Да ги одгледа, изучи, одоми. Да им ги чува децата. Да им овозможи сѐ што таа себеси си

ускратувала во животот. Да го продолжи животот во давање без возврат. Дури и мирот што го бара како да се чудат зошто ѝ е. А не дека не ги сака. Па деца ѝ се. Ги сака и нив и нивните деца, внучињата. Но, се сака и себеси. Сѐуште.

Со добивањето на пензијата, а по смртта на татко им, како да добиле документ дека таа треба да се откаже од сѐ, само не од должностите и давањето кон нив. Дали сите деца се такви? Дали сите деца ја искажуваат љубовта кон мајка си на тој начин? А и тој татко им, лесна му земја, и тој повеќе бараше отколку што даваше. На почетокот мислеше дека тоа е тоа. Дека тој, децата, куќата, работата, должностите и обврските кон сите и сѐ, е среќа. Дека чувствата се тука, испреплетени меѓу тие нешта. Па и беше среќна на некој начин иако не можеше да прочита книга, да слуша музика, да оди на кино, да се дружи со другарките… Секогаш нешто ќе се испречеше, нешто ќе се случеше...

Но, сега, сега зошто? Зошто сега не може да добие барем малку мир, малку задоволство? Спомените. Па тие се тука. Никој не ги негира. Никој не ги брише. Тие се како убав албум во душата сместени. Тие се како дел од изминат пат. Но има пат и пред неа. И тој дел може да биде убав. Живот што може да го обои надежта. Живот што може да добие поинаква смисла. Будењето радост на исчекување и содржина. Па човекот што го запозна и тој има деца. И тој има изодено пат зад себе. И тој има спомени од својата покојна сопруга.

Дружењето со него ѝ носи спокој, ѝ носи радост. Ѝ носи докази дека постои како личност, како жена…

Дека сѐуште вреди на еден поинаков начин. Дека на нејзиното лице може да се јави насмевка не само заради првото запче на внукот и првата петка на внуката. Нештата што носаат радост не се исклучуваат едни со други. Напротив, тие се надополнуваат. Правото да си задоволен и среќен е право на секого. Должностите немаат приоритет. Човек е должен кон децата, кон родителите, но и кон себе. Должностите не се покров. Должностите не се капак што го затвораат срцето, душата за будно сонување. Зошто децата не ја разбираат? Од себичност ли? Од нечовечност ли? Или едноставно не сакаат да си го расипат комодитетот.

Трето доба. Исклучува ли тоа топла дланка врз нејзината? Исклучува ли тоа муабет со некој за сѐ и сешто што ти е блиско и интересно и тебе и нему? Дружење со некој што те разбира и го слуша со задоволство она што го кажуваш. Убаво ќе беше и да беше жив татко им. Но не е. Така сакало да биде. Така било пишано и нему и нејзе.

Што да реши? Кого да го разочара, децата, себе, него? Од што да се откаже. Од нивната почит или од почитта кон самата себе? А што ќе се случи по години, кога повеќе нема да им биде потребна? Ќе биде ли тогаш сама, напуштена, заборавена…

А што ќе се случи ако се одлучи за него, за себе? Нема да им биде на синовите и нивните семејства на располагање во секој поглед, секогаш.

Што ќе изгуби таа? Дружење, муабети, мали радости, прошетки… Ќе изгуби нешто што животот ѝ го нуди. А таа ќе го отфрли. Зошто? Во името на што? Без

посебна причина. Причината всушност е смешна. Синовите мислат дека таа е стара за живот со таква содржина. Новата содржина на нејзиниот живот не го исклучува никого. Напротив, тука се сите: нејзините и неговите деца, сите внуци, но и сите спомени!

Подзамижа, погледна низ прозорецот. Делче од месечината се наѕираше во темнината. Нештата добиваа контури, облик, форма... Нежна насмевка ѝ го осветли лицето. Нешата што ѝ правеа хаос во главата како сложувалка ја формираа одлуката. Сите ќе ги сака. На сите ќе им даде дел од себе, а на нив е како кој ќе се однесува кон неа. Секој ќе си го земе делот од товарот на своја душа. И гревот.

Но, таа си го сака своето трето доба!

# И ДОМОТ Е ДОМ

Влегов во нејзината соба. Бев изненадена од морничавата атмосфера. Скршен полузамрзнат прозорец, превртен стол, искинати тапети, исчукано лонче со малку вода, неколку суви корки бајат леб и празно картонско пакување од млеко... Студ измешан со застоен воздух и одвратна миризба се чувствуваше насекаде.

-Како си? - ја прашувам, но глас не излегува од нејзините вкочанети помодрени усни. Долгата нечиста коса слепена на бледото лице коешто единствено ѕирка од под стариот подискинат јорган ја прави глетката уште пострашна... Изгледа како старица од осумдесет и кусур години, а нема ни шеесет. Трепнува со натечените клепки и тоа е единствениот знак дека сѐуште е жива.

-Мораш под итно на лекар. Ќе викнам „Брза помош“!

-Не, - едвај излегува некој рапав, пригушен испрекинат глас кој повеќе личи на крик. Ја подава од

под јорганот слабата рака со долги нокти, која како скршена гранка излегува од ракавот на зимското дебело палто во кое лежи во креветот, за да се заштити колку толку од студот.

-Не, не сакам. Сакам да останам дома. Ова е мојот дом! Не сакам никаде да ме носите. Не сакам во Дом за стари!

-И Домот за стари е дом во кој добро се живее. Таму ќе бидеш згрижена, ќе ти биде топло. Ќе бидеш нахранета и со лекарска нега, а и нема да бидеш сама. Таму ќе имаш друштво, ќе имаш големо семејство, а мислам дека никаде не е полошо од оваа хорор соба, - барам зборови за да ја убедам и да ја успокојам, да се реши без да се плаши.

-Не и не, не сакам, не сакам – замира нејзиниот глас, а крупна солза и се тркала по збрчканиот образ. Толку е изнемоштена, што дури и зборувањето, и плачењето ѝ причинува голем напор. Очај и страв ѝ ги шират зениците.

-Од што се плашиш?! Има ли полошо од ова што ти се  случува сега?! Има ли полошо место од овој пекол во кој ги минуваш деновите гладна?!

-Велат дека и таму е лошо. Дека и таму се страда. Дека и таму животот не е живот. Така сум слушала! - Се вовлече уште повеќе под јорганот и почна гласно да плаче и да се тресе.

Не обрнувајќи внимание на нејзините молби и преколнување повикав возило за  „Брза помош“. По половина час пристигна возилото. На вратата се појави

млада дотерана жена со израз на гадење на убавото нашминкано лице.

-Бадијала сте не викнале. Таа не е за болница. Таа е смрзната, гладна, нечиста...Таа е за во геријатрија или за душевна болница, - вели дрско се свртува и ја напушта собата. Вчудоневидена сум од нејзиниот однос, но и понатаму размислувам и се прашувам што да сторам. Погледот ми запира на стутканото суштество на креветот. Во нејзините очи гледам чуден победнички сјај. Задоволна е затоа што не ја зедоа, не ја однесоа. Беспомошна сум, разочарана. Очите ме печат од надојдените солзи од измешаната лутина и страв. Што да сторам?! Решив. Ќе одам во Домот за стари лица и од нив ќе барам помош. Така и сторив. Отидов. Разговорот со нив беше многу пријатен и утешителен од сите со кои се сретнав.

- Не грижете се . Сè ќе се среди. Ќе ја примиме жената иако е помлада од пропишаната возраст. Верувајте ќе ѝ биде добро во Домот. Ќе дојдеме да ја земеме уште денес. – Така и направија.

Утредента кога отидов да ја видам не можев да ја препознаам. Лежеше во чист кревет во топла соба, средена, избањата, исчешлана. Веројатно добила и некој седатив. На лицето ѝ лебдеше некаква гримаса која личеше на бледа насмевка.

-Сето ова околу неа го направија негувателките со помош на другите жени станарки. Една која ја познава од порано, цела ноќ преседе крај неа, ѝ ја држеше раката и ѝ даваше чај. Ќе ѝ биде добро. Ќе закрепне и ќе стане. Ќе се дружи со другите во Домот,

ќе гледа телевизија, ќе се шета во дворот...Ме убедуваше социјалниот работник, лекарката и директорката на Домот.

По еден месец пак отидов да ја посетам. Не можев да се начудам. Добила во тежина. Беше убаво облечена и весела. Во заедничката просторија со неколку други постари жени гледаа телевизија и си разговараа. Се прегрнавме.

-Многу убаво ми е овде. Бев исплашена и не ти верував дека Домот е вистински дом. Сега знам и многу сум ти благодарна што ме донесе тука. Да сум знаела дека е вака, сама ќе дојдев и немаше да го доживеам она што го преживеав.

# ТАТКО

-Разбуди се татко. Сум ти направил супа. Ајде стани. Види колку е убав денот.

„Татко, татко, татко“, како тапи удари од чекан му удираше овој збор во главата. Што да направи за да се спаси од оваа мора, како да си ја олесни душата, да си го намали гревот... Несомнено беше дека му се ближи крајот. Дека му се избројани деновите. Беше болен, а десетата десетка од животот истекуваше како песочен часовник...

-Ајде татко, стани. Види колку убаво паѓа снегот. Види колку се убави снегулките: нежни, бели и разиграни...

Така беше и тој ден кога газда Митре му го кажа својот предлог:

-Ти си Стојане, вредно момче. При тоа си строен и убав. Од друга страна многу си сиромав, едвај врзуваш крај со крај. Можеби ќе ти изгледа чуден мојот предлог, ама пред да ти го кажам ова долго раз-

мислувавав. Ожени се со мојата најстара ќерка. Ќе ти купам дуќан, а ќе ти помогнам и куќа да купиш. Од тебе барам само едно: да ја почитуваш и да се грижиш за неа.

Го слушаше Стојан газда Митрета и не му се веруваше дека тоа што му допира до ушите е вистина. Девојчето беше симпатично. Не беше убавица, но беше толку тивка и мила, со очи на срна. Ретко зборуваше, речиси и не ѝ го беше чул гласот. Неодамна кога ја сретна му се стори како во очите да ѝ виде страв и тага, ама виде и заборави. Срцето сѐуште му беше празно, повеќе мислеше на леб, отколку на девојки и љубов. Си планираше да спечали некоја паричка, а за женачка има време. Имаше само 25 години.

Не дека не му се бендисуваше девојчето, ама му беше чудна понудата. Да не е болна?! Туберколозата сееше смрт во тоа време, особено меѓу младите. Одлучи утредента да го праша газда Митрета.

-Фала ти што толку убаво мислиш за мене и дури имаш доверба да ми ја дадеш Милица, ама морам да те прашам: зошто? Да не е можеби болна?

-Не, не е болна и не ме прашувај повеќе. Размисли и одговори ми овие денови.

Си дојде дома во малата изнајмена и студена собичка. Побара нешто да јаде, најде само две суви корки леб. Легна во постелата, но сон не му доаѓаше на очите. Најмногу го мачеше што не ја знаеше причината. Другото дури и му се допаѓаше. Заспа пред зори решен да се ожени со Милица и да се спаси од бедата во која живееше.

Милица се покажа домаќинка, а нејзините многу дарежливи. Со време и му се смили. Имаше пријатен табиет. По некој месец, причината сама излезе на виделина. Кога сфати нешто го жегна во градите, но бидејќи беше умно момче си рече: Сè си има своја цена! Никогаш ништо не ѝ префрли, ниту ја праша.

По седум месеци им се роди син. Стојан го гледаше малото црномуресто суштество кое не личеше ни на мајка му, ни на некој од нејзините. Се трудеше колку што може повеќе да не му биде на патот. Детето речиси деновите ги минуваше кај дедото и бабата.

По две години им се роди девојче со сини очи и бел тен како снегулките што ги гледаше сега низ прозорецот. Личеше на него. Така барем велеа сите. Растеше опкружено со љубов  и милост, галена и чувана, за разлика од нејзиниот брат. Но, кога стаса за мажење се разболе. Што не презедоа. Кај не ја однесоа. На триесет години почина. По неколку години почина и Милица. Остана Стојан сам, со „синот“.

Минуваа годините. Додека беше млад и здрав беше полесно, но кога подостаре и здравјето почна да го напушта, сакал не сакал, беше упатенен на помош од „синот“. А тој да се чудиш. Се грижеше за него, го почитуваше и го негуваше. Не беше женет и целото внимание и љубов му ја посветуваше нему. Многумина му завидува:

-Блазе си ти, Стојане. Имаш син за пример. Секој татко би сакал да има таков син.

Ги слушаше Стојан засрамен, бидејќи знаеше каков беше тој кон него. А кога пак ќе го слушнеше

зборот „татко“, грутката во градите му стануваше уште поголеме...

-Ајде, татко, да ти помогнам да станеш, па да каснеш нешто.

Не можеше веќе да издржи и му викна со лутина во гласот:

-Доста. Не ме викај така. Јас не сум ти татко. Нели сфати од моето лошо однесување со години кон тебе!

-Знам. Го сретнав еднаш, и тој ми кажа. Го опцув и си заминав. За мене ти си мојот татко. Ти си ни дал засолниште со твоето презиме и мене и на мајка ми. Да те почитувам и да те чувам е аманетот што ми го остави мајка ми на умирање.

На Стојан му се симна товарот што го носеше на душата. Му олесна. По неколку месеци спокојно замина кај Милица.

# СУДБИНА

Со крајот од марамата ги брише насолзените очи, нешто таа, нешто ветерот ги суши. Се подгрбавила, се стуткала, седната на искривена стара пенушка крај реката. Ѝ студи. Студ ѝ влегува во коските. Се тресе, а сепак како да не чувствува ништо друго освен срам, болка, разочарување…

Гледа во водата матна, бавна. Влече гранки, употребени нешта. Во ушите ѝ допира гракање на птица. Со мака ја свртува вкочанетата глава и се срет-нува со исплашените очи на една осамена страчка. Гра, гра. Како да ѝ вели: да, да... Да, што ѝ требаше сето тоа?

Добро ѝ беше. Си живееше мирно и спокојно со семејството на посинокот. Не ѝ беше родено дете, но го имаше како свое. Го затече како шестмесечно. Тој, татко им беше со две мали деца, вдовец, а таа напуштена жена. Ниту глас не беше слушнала од нејзиниот човек. Замина во Америка по подобар живот. Ги снема прво

парите што ѝ ги праќаше, потоа писмата и на крајот ветувањата. Чекаше, а и самата не знаеше што чека.

Не беше ни во мажените, ни во немажените, ни во вдовиците. И кога ѝ дојде абер да оди да живее кај двете сирачиња како сонце да ја огреа. Отиде со насмевка, со надеж, со радост.

Почнаа да се нижат денови како ситни бисерчиња. Децата растеа, животот си доби свој тек. Ги школуваа, ги одомија. Таа беше нивна мајка, нивна потпора и кога беа болни и кога беа тажни и кога беа радосни. На свадбата од синот беше главна, почитувана, среќна.

Но, судбината пишува. Така напиша да почине човекот со кој дојде да живее, татко им. Остана таа со синот, со снаата, со внуците. Од ден на ден немаштината почна да им биде сѐ почест гостин. Како да се провлекуваше тивко низ пукнатините на про-зорците и вратите. Почна да се чувствува непријатно, неспокојно. Како да им земаше дел од храната на децата. Како да им ја крадеше топлината на домот. Црни мисли почнаа да ѝ се мотаат низ главата. Како глутница гладни кучиња, почна да завива нешто во неа, како мора, како опомена. Ништо не можеше да придонесе, беше веќе во години. Немаше никакви приходи, но и немаше каде да оди. Со бавен и уморен чекор се приближуваше кон шеесетата. А сите беа добри кон неа. Сите ѝ беа и мили и свои.

И тогаш како молња од ведро небо, стаса глас. Се вратил. Се вратил тој од Америка. Некаков трепет ѝ се јави во душата. Рој спомени ѝ влетаа во очите. Како да беше сѐ вчера. Бликна надеж во срцето и го изми стравот и неизвесноста. Дошол. Можеби дошло уба-

вото, сонуваното, чеканото. Може се вратила младоста во поинаква верзија.

Кога се сретнаа речиси не го препозна. Не беше тоа тој. Ова беше друг човек, нешто малку подгрбавен, побелен, со испишани години и премрежиња на лицето. Седнаа така еден до друг и муабетеа. Муабетеа за сè и сешто, но најмногу за минатото. За спомените. Како беше, што беше. Неговите зборови ѝ измолија прошка. Ја наговараше да дојде да живеат заедно.

Се мачеше пред да реши. Неверба-верба ѝ го матеше сонот. Немир ја опоменуваше. Ги мереше нешта-та на многу прецизен кантар, како да мереше злато. А ги мереше маките, болките, резочарувањата, радостите, денешните и некогашните. Со безгласна молитва го молеше Господ да ѝ помогне да не згреши. Дали можеби треба да му се заблагодари на Господа за ова што ѝ се случува? Дали е ова награда или ново искушение? И одлучи. Ќе оди ќе живее со него. Ќе ги ослободи децата од неа. Ќе им симне дел од товарот. Си ги собра работите и се охрабри да му каже на синот, на снаата, на внуците, дека ќе замине. Ја гледаат сите зачудено, со страв било што да речат.

Ако ѝ речат да не оди, можеби ќе помисли дека са-каат да ѝ стават пречка на нејзината среќа и ост-варување на нејзиниот долгогодишен сон. Ако ѝ речат да оди да не помисли дека едвај чекаат да се ослободат од неа. Па тие ја сакаат, таа им е мајка, баба, друга не знаат.

Се изгушкаа сите со солзи во очите, а само една реченица ја скрши тишината.

-Ова е твоја куќа, вратата ти е секогаш отворена, - потоа замина.

Од почетокот сѐ беше добро, како во будните соништа. Се заредија денови, месеци… Но како да почна да му забележува некаков немир во очите. Како да насети некоја горчина во гласот негов. Како да ги почувствува симптомите на старата болест од младоста. Се јадоса, иако се убедуваше самата дека се исплашила од доброто, од животот  кој толку многу го посакуваше со него, својот прв мерак. И едно утро го слушна тоа од кое најмногу се плашеше. Ја чу пресудата.

-Заминувам. Ќе ти оставам нешто пари, а потоа и ти ќе дојдеш.

Боже, зарем е можно? Зарем толку црно ѝ било пишано? Зарем судбината нема жал за неа? Што понатаму? Каде, со кого? Но не го молеше да не оди. Да не ја остава како некогаш. Не го колнеше, не го преколнуваше. Се колнеше себе. Ја колнеше судбината. Пишаното. Лесноверноста на срцето. Деновите ѝ се претворија во суви корки леб, натопени од нејзините солзи. Немаштината ѝ стана другарка. Срам ја јадеше. Дури почна да не излегува меѓу луѓето.

И ете сега седеше крај реката и се двоумеше. Што да стори? Да скокне, и на сѐ да стави крај. Да стави точка на животот матен како реката. Да ја затвори книгата на животот. Гра, гра, гракаше страчката. Фуче-ше ветерот и ѝ ги сушеше солзите. Студ  околу, студ во неа. Умираше денот. Природата се готвеше за зимскиот сон. Топла рака ѝ се спушти на рамото. Сонува ли , или ја напушата умот?

-Мајко, секаде те барав, ајде да си одиме дома.

# СОЖИВОТ

Влегов во автобусот полн главно со постари луѓе. Се сетив: вторник е. Ден кога пензионерите се возат бесплатно. Недалеку од мене, две млади девојчиња нешто си шепотат и гласно се смеат. Се приближувам до девојчињата и тивко им свртувам внимание кон старите луѓе кои едвај одржуваат рамнотежа.

-Зошто да станеме?! Ние сме платиле билет, а вие се возите без пари. Ако не можете да стоите седете си дома, - дрско ми одговара едното од нив.

Одам понатаму низ автобусот, не сакајќи да се расправам. Си мислам: ако некогаш не работевме ние што сега сме стари, многу работи ќе беа поинакви. Од друга страна и тие ќе остарат и дури тогаш многу работи ќе им се разјаснат, ама сега за жал вака е...

-Невоспитани, ама сепак ние сме виновни. Нивното воспитание е дело на постарите, на семеј-ството и училиштето,  – дофрла една постара жена.

-Еве дојдете, седнете овде, - ми го отстапува местото жена на околу педесет години!

-Не е само до воспитувањето. И до децата е. Јас имам пет ќерки, ама сите не се исти иако сите подеднакво ги воспитувам.

На наредната станица се ослободува местото и жената што ми го отстапи местото, седнува до мене.

-Кај одиш, - ја прашувам.

-Да чистам кај едно семејство. Не стасува. Дома сме многумина. Осум души. Едвај излегуваме на крај за леб. Најстарата е студентка, а најмалата четвртоодделенка. Купуваме бајат леб од вчера, помалку се јаде! Децата бараат за книги, за облека... Јас не сум учела. Такво беше времето. Од нив научив да читам и пишувам, иако, фала му на господ сега со баба Марија ни е доста подобро.

-Што се случи? Што се смени? Која е баба Марија? Гледам по зборувањето дека си Албанка.

-Баба Марија е наша комшивка со години. Живееше сама во својот мал стан од нејзината пензија. Секогаш беше љубезна и пријатна кога ќе ја сретнев. Но годините си го прават своето. Сè поретко се сретнувавме. Еден ден ме замоли ако можам јас или децата да ѝ купуваме леб и млеко барем два пати во неделата, за мала надокнада. И така стана. Ѝ купувавме тоа што ѝ треба. Но таа уште повеќе изнемоште. Трбаше да оди на лекар, да набави лекови, да си ја исчисти куќата, да се искапе... Сето тоа не беше во состојба да го први сама бидејќи се наближуваше кон 90-тата. Одев ѝ помагав, ѝ носев од она што ќе зготвев

за јадење, ама тој ден губев дневница, не одев да чистам во некоја куќа. Се собравме да се договориме и решивме баба Марија да ја донесеме дома, да живее со нас. И така таа сега живее кај нас. Ги споивме и парите и деновите и проблемите и неволјите! Децата ѝ помагаат, ја чуваат и ја сакаат како нивна родена ѓуше, тоа е баба на албански. Така и ѝ се обраќаат. Баба Марија е згрижена, нахранета и што е најважно не е веќе осамена. Ми вели: „Знаеш ли, Фатиме, дека сега ми е најубаво! Никогаш не сум сонувала дека ќе имам пет внуки. Дека ќе живеам во куќа полна со смеа и луѓе. Само имам еден проблем: не знам албански. Ама ќе научам. Девојчињата ме учат. Најмалата најмногу. Фалиминдерит (фала) на Господ за сè, само да ме крепи здравје.

Ја слушам и си мислам: ова е соживот, а не она за што зборуваат политичарите и медиумите. Наеднаш жената стана.

-Овде слегувам. – Се поздравивме иако не се познаваме. Ја почувствував блиска и драга заради човечноста, умот и добрината што ја носи во себе оваа жена, оваа мајка, оваа Албанка. Бев пријатно изненадена, но и задоволна од сознанието дека ете и ова постои, дека и ова се случува.

# МАЛКУ ТРЕБА ЗА СРЕЌА

Невена е шеесет и  пет годишна жена, со кусо потстрижена коса како машко, мислиш нема ни педесет килограми. Да личи на машко допринесува и нејзиното облекување. Секогаш е облечена во тренерки или во пантолони. Креветот ѝ е среден, наместен. На пер-ницата тефтер и молив. Се свиткала на креветот и ги брои ситните железни пари кои ги спечалила преп-родавајќи им на колешките во Павиљонот Три, цигари со заработка  од два денара по парче. Невена е повратничка. Ја вратија тука од Дом за стари бидејќи заклучокот на Управата на Домот бил: Невена не може да остане во Домот затоа што е душевно болна. Да се врати од каде што ја донеле. А не дека правела нешто недозволено или невообичаено. Се расправала со персоналот оти храната е лоша. Се карала со чуварот дека им ги краде парите на дементните. Се скарала и дури ѝ удрила шлаканица на чистачката затоа што на една болна беспомошна бабичка ѝ го зела златниот прстен од раката кој ѝ бил единствениот спомен од починатата ќерка и

заради што бабата многу плачела и не можеле никако да ја смират. Обвинетите се бранеле: Лаже Невена. Невена има психички проблеми. Болна е. А Невена била почесна, поздрава и поумна од тие што ја обвинувале.

И така Невена се вратила пак во болницата за душевно болни.

А зошто не ја зел дома синот?! Нејзиниот син не сакал да ја прими дома зошто му се плашеле децата од неа, од нивната баба која едно време била на лекување во болница заради депресија. А не се плашеле да ѝ ги потрошат парите што ги донела од работа во Германија. Не се плашеле да живеат во пространата куќа која таа ја градела откажувајќи се од сѐ. Не дека не се бунела. Напротив. Се бунела, молела, плачела, преколнувала. Барала само една мала собичка од сопствената куќа во која ќе ги минува своите стари години. Пресудата на нејзините најмили била: не може да остане дома...

И така Невена пак си дошла во Павиљонот Три за стари женски пациенти. Сите знаеја дека Невена не е веќе болна. Сите знаеја и зошто Невена е тука. Сите знаеја и зошто Невена ја избркале од Домот за стари. Дури заради тоа и ѝ се восхитуваа и ја почитуваа. На повеќето не им беше јасно зошто синот постапил така со неа, иако меѓу нив имаше и такви кои во себе чуваа слични приказни.

И така деновите пак се заредија. Продолжи Невена да живее со цимерките. Некои доаѓаа, некои си одеа, но повеќето не си одеа дома, туку на оној свет. Но и новите и старите ја почитуваа Невена и нејзиното големо и праведно срце, зошто таа знаеше и да даде

цигара без пари, да позајми пари или да го подели јаболкото со некоја женичка која со раширени очи ја гледаше како го јаде. При тоа не ѝ беше важно, дали е ромка, македонка, србинка, албанка... За неа беа сите исти без разлика на вера и јазик. За неа тоа беа нејзини другарки, роднини, сопатнички...

На Невена синот ѝ даваше пари. Нешто за да си ја смири совеста, а ѝ даваше пари и од оние донесените од Германија. Така Невена секогаш можеше да купи ѓеврек или сок или овошје. Можеше да купи и цигари за својот „бизнис". Кога еднаш лекарката на Павиљонот Три ја праша зошто го прави тоа Невена ѝ одговори:

-Од три причини, докторке. Прво затоа што така им помагам на жениве, второ што вака поинтересно ми поминува времето и не мислам на мојата лоша судбина и трето првпат во животот се чувствувам главна и почитувана. Ете прашајте било која жена што мисли за мене: дали лажам, дали крадам, дали не им помагам... Можеби ќе ви е чудно, но јас првпат во животот сум на некој начин среќна. Кога ќе дојде нова ѝ помагам да се снајде, ја тешам. Кога си оди некоја ја испраќам дури до главната капија. Ќе ја гушнам и ќе ѝ дадам нешто: сто денари, наполитанки, цигари или ќесе бомбони, за да знае дека тука има пријатели и ако недај боже се врати, јас сум тука! Некогаш и ќе заплачам, но тоа ми се случува се поретко. Веројатно и солзите се трошат како и сè друго во животот. Со многу од нив останувам во контакт и се слушаме по телефон или ми пишуваат. Сè на сè кога ќе размислам и не ми е толку лошо овде. Не сум осамена и овде никој не ме смета за луда. Напротив.

# ВИОЛИНИСТОТ

Седеше на клупата во домот за стари. Ги грееше старите плеќи на доцноесенското сонце, ни буден, ни заспан. Во полу сон сонуваше, вратен во спомените....

Кафеаната полна со луѓе. На масите крај чашите тажни лица, насмеани лица, заљубени лица …Од чадот не може да им се одреди возраста. Звукот на виолината се преплетува со ѕвонливиот глас на пеачката. Во нејзините црни бадем очи мир, мир како површина на езерце сокриено меѓу сребрени тополи. Пее, гласот извира, се нижат зборови, но како сето тоа да не ја допира. Нејзиниот поглед лута низ кафеаната, по масите, по лицата, како изгубена исплашена срна. Убава е, но нејзината убавина е како слика без рамка. Во кафеаната секоја вечер истата глетка, истите луѓе. Сите ја знаат, сите ја сакаат, а тој и неговата виолина, најмногу од сите. Таа пее, тие воздивнуваат, поистоветувајќи се со секој нејзин збор, со секој звук од виолината… Плачат, се смеат, жалат, колнат, кршат по

некоја чаша. И така сè до полноќ. Крајот на денот го обележуваат празни и искршени чаши, празни скршени срца, главно разочарани души. Оставени, измамени, погрешно вљубени... Тоа им беше заедничко речиси на сите.

Секоја вечер до вратата од нејзината куќа ја испраќаа тој и неговата виолина. Многу поубаво беше неговото свирење од него, но тој ѝ беше единствениот пријател. Знаеше дека тоа што тој го чувствуваше за неа не беше пријателство, но од дружењето беа задоволни и двајцата на свој начин. Таа се надеваше дека еден ден ќе го сретне човекот од нејзините сони-шта, а тој се надеваше дека таков нема да се појави. Така се нижеа деновите и годините сè до таа вечер.

Таа вечер нејзината песна беше поинаква. Во гласот ѝ ѕунеа некои нови треперања. Како да ѝ излегуваа не од грлото, туку од срцето. Го гледаше и му се заблагодаруваше на Господ за милоста. Невидлив мост им ги поврза срцата кога тој ја крена чашата со поглед вперен кон неа. Нејзиното расположение ја лулаше атмосферата. Сите чувствуваа некаква топлина во душата, некоја возбуда, некоја милина. Само тој и виолината не. Дури двапати згреши, иако тоа му се немаше случено, но никој и не забележа. На полноќ како маѓепсана тргна кон непознатиот, кон ново-дојдениот. Раздалеченоста меѓу нив се стопи од нивните погледи и скриени желби. За миг, таа како да почувствува некаков страв, некаков студ. Не знаеше ни кој е, ни од каде доаѓа, ни како се вика, ни дали има обрач на прстот. Знаеше само дека тој е тој. Знаеше

дека нема да ја пропушти шансата да биде со него. Знаеше дека е подготвена да ја плати која било цена за возврат. Не се плашеше ни од помислата дека сонот со него можеби ќе трае само миг, само една прегратка, само една вечер.

Излегоа во ноќта оставајќи го во кафеаната во обвивка од чад, него, виолината, чашите празни, посетителите. Нејзиното срце исполнето, ја пееше нај-убавата безгласна песна.

Се заредија денови. Секоја вечер му пееше, му пееше нему, пееше за него. Беше бескрајно среќна. Дури се плашеше кога ќе се сетеше на онаа познатата „многу арно не е на арно“. Се тешеше самата себе дека и таа има право на парче среќа, на грст радост, на голтка задоволство. Го сакаше цврсто убедена дека тој ѝ возвраќа. Го гледаше тоа во неговиот поглед заматен од желба, во неговите прегратки, во неговите допири. Се чудеше и воедно беше исплашена од длабочината на чувствата, од силината на случувањата. Залудена и пијана од среќа не мислеше на ништо друго. Беше среќна и жива. Дури го заборави својот стар другар и виолината. Ништо не гледаше, ништо не ѝ беше важно, само тој и нивната љубов.

Сè до таа вечер. Ја исплаши неговиот чуден поглед. Нешто студено ѝ го допре срцето.

-Утре заминувам. Или ќе се вратам или ти ќе дојдеш. Сè ќе биде добро. – Го гледаше, а нешто не ѝ даваше да верува. Нешто ја стегаше. Не можеше да земе воздух. Си префрлуваше дека е малодушна. Дека

е неблагодарна. Се убедуваше дека знаела дека ќе има крај како и сè друго.

Утредента го испрати со насолзени очи. Сакаше да биде весела. Сакаше да биде убава и весела. Но не можеше да го натера срцето. Го лажеше, се лажеше, но попусто. Долго му мафташе. Ја болеше сè, раката што мафта, душата, очите полни со солзи.

Во деновите кои се зоредија таа и понатаму пееше за својата љубов. Но, песните беа сè потажни, сè поболни. Писмата и телефонските разговори отпрвин полни со љубов и нежности, стануваа се поретки и покуси.

Виолинистот со својата виолина си го зазеде своето старо место, како ништо да не се случило. Понекогаш плачеше и му ги кажуваше своите стравувања. Тој ја слушаше и чувствуваше грижа на совест што му бише мило што нештата тргнаа во таа насока. Не му беше ништо тешко кога беше таа во прашање. Ја испраќаше секоја вечер и по дожд, и по снег, и по студ. Дури беше подготвен и на поголеми жртви, само таа да биде среќна. Нему му беше сосема јасно дека љубовта е давање, давање од срце. Дека љубовта не е заем. Дека вистински сака само оној кој не бара возврат со сила, со притисок, со уцена, па дури и со молба. Знаеше дека ефектите од такво нешто се уште понепријатни, попонижувачки, понедостоинствени. Беше решен да ѝ ја дарува својата љубов. Беше подготвен да ѝ се радува на нејзината среќа. Знаеше дека ќе ја сака што и да се случи. Тој многу добро знааеше колку многу боли,

колку многу е страшна невозвратената љубов, невозвратеното чувство дури и од сопственото куче.

Таа вечер заѕвони телефонот. Го слушаше неговиот изговор дека не може да дојде.

-Ќе дојдам јас, штом ти не можеш. Па таков ни беше нели договорот! - Слушаше што ќе ѝ одговори. Слушаше со срцето. Нешто не ѝ се бендиса во неговиот глас. Нешто ја штрекна, ја прободе. Сепак си велеше дека тоа што го слуша само си го умислува.

-Почекај, не брзај. Ќе се договориме.

Наредните денови ништо не се смени. Реши. Ќе оди кај него. Ќе остави сѐ. Ништо не ѝ треба друго. Само тој!

Утрото кога влезе во автобусот нејзиниот верен пријател ја испрати: во едната рака виолината, со другата ѝ мавташе. Сцената ѝ беше толку позната.

По неколку дена, таа се врати. Ништо не ја праша. Таа сама почна да зборува:

-Има жена. Сакал да се разведат, но таа е инвалид. Не е ниту вработена. Не може да ја напушти. Да бидам искрена го оправдувам, но не знам колку сум силна? Колку долго ќе издржам вака? Како ќе продолжам да живеам со ова сознание? Како ќе се снајдам во овој триаголник?

Плашливо ѝ ја допре раката, како да сакаше да ѝ каже дека ја разбира. Дека ја разбира нејзината болка. Дека и тој е болен од истата болест како нејзината. Одеа кон нејзината куќа. Паѓаше дожд. Лицата им беа мокри од дождот, од солзите. Ноќта беше потемна од нивната болка. Темното облачно небо беше без ниедна

ѕвезда. Немаше светлина. Патот по кој чекореа личеше на беспаќе.

И пак се заредија денови, месеци… Ретките писма и телефонски повици беа заскитани искри на радост. Огинот го немаше. Песните тажеа, виолината плачеше. Секој за себе. Гласот ѝ стануваше рапав од тага, од горчина. Лицето ѝ го прекри коприна од страдањето. Личеше на свената роза, заборавена во вазната на животот. Без вода, без љубов. Многу од песните ги исплака. Плачеше таа, тој, виолината. Нивните чекори кон дома беа сè побавни, сè потешки. Кој кого да теши?! Ќе влезеше таа, а тој чекаше. Чекаше да згасне светлината од нејзиниот прозорец. Една вечер згасна светлината, заедно со неа.

Додека можеше често го посетуваше нејзиниот вечен дом. Ќе постоеше, ќе ја ставеше розата на мермерната плоча на која пишуваше: „Вистинската љубов е вечна“ и ќе заминеше.

Сега во домот, само ги пребираше спомените, како некогаш жиците од виолината и сонуваше за повторна средба со саканата.

# ГАЗДАРИЦА

Веќе неколку дена не се отвора портата. Веќе неколку дена не чула звук од чекори. Веќе неколку дена ништо не се случува. Се редат деновите тажни, тмурни, монотони... Денови без сонце, без топлина, без радост. Ќе го кренеше погледот кон прозорецот и ќе се сретнеше со натежнатите темни облаци, тешки како и нејзините години. Некаде патуваат. Одат, бавно, но се движат, дури побргу и од неа. Нејзе ѝ треба време да го помине патот од креветот до вратата и да излезе во дворот. Тоа кусо растојание ѝ се чинеше како вечност. Како пат без крај. А тоа се само неколку метра. Ќе застанеше така пред куќниот праг и ќе се загледаше во лисјата на гранките. Трепераат. Го слуша нивниот трепет.

-Жива сум - ќе си речеше.

И пак ќе тргнеше кон бесконечното патување до креветот. До своето пристаниште

Така и денес. Се довлечка до креветот. Ја пружи слабата, дури проѕирна рака исшарана со брчки. Зема една сува корка леб од масичето и почна да ја јаде. Со

што да ја натопи? Со сопствените солзи. Почуствува празнина во душата. Некаков тап бол и го прободе срцето. Се исплаши дека можеби му се случило нешто на синот. Можеби е болен. Бројот на солзите се зголеми. Ројот на црните мисли се згусна. Сѐ и се измеша. Се издвојуваше само стравот и грижата. Злокобни како мора, како сеништа.

Во тој момент дојде до неа мачката. Единствената нејзина пријателка. Само таа имааше време за неа. Само таа имаше разбирање за неа. Ѝ се доближи тивко, пријателски. Ја погледна со зелените очи како да сакаше да ја утеши. Ја погали. Нејзиното меко крзно ја потсети на нежна децка косичка. Такво чувство имаше кога го галеше, кога го негуваше. Мјау. Тоа и заличе на детски плач. Уште еднаш ја погали. Каде ли е сега? Зошто не се јавува? Па знае дека е беспомошна. Знае дека е сама. Знае дека тој ѝ е единствената потпора. Што се случува? Па не може да ја заборавил. Тој ѝ е единствениот син. Тој ѝ е сѐ што има. За неговите чекори живее. За неговото присуство е гладна, не за леб. За збор е жедна.

Го нема. Што да стори? Денот умираше. Се палеа уличните светилки. Темнина ја исполнуваше собата. Сѐ беше темно. Во душата уште потемно. Нешто како да наслушна. Но тоа беше само ветерот што шеташе по покривот. Ги строеше гранките на дрвјата во дворот.

Ова ли е живот? Не, ова личеше на бдеење над сопствената смрт. Ова не беше живот, ова беше неживот. Каде е радоста? Каде е надеждта? Дури ни спомените не ги сакаше. Ѐ одмилеа. Ги туркаше од себе

како сеништа. И сеќавањата ја растажуваа. Не беше некој  верник, но не беше ни неверник. Секогаш се трудеше да прави добро. Колку што можеше. Има ли Господ? Ако го има, што му згрешила? Зошто ја казнува да живее во затвор без стражар, без пресуда. Па и во затвор има луѓе, има зборови.

Ја остави сувата корка, нека ја за утре. Можеби нема да дојде ни утре. Заспа во сон, без соништа. Како да пропадна во дупка, без воздух, како да пропадна во ништо.

Тропање. Гласови. Чекори. Срцето ѝ  затрепери како фатена птица. Очите ѝ се исполнија со солзи радосници. Сакаше да се јави, но глас не излегуваше од сувото грло. Едвај изговори:

-Дојде ли?

На вратата застана непознат човек. Се стаписа таа, но и тој. За миг настана чудна тишина.. Се поткрена обидувајќи се да стане, но безуспешно. Зад човекот стоеше жена и дете. Неговите љубопитни очиња ѝ пратија добра мисла. Не се натрапници. Но кои се? Што бараат? Ги гледаше вчудоневидена.

Човекот тивко прозборе:

-Која си ти, од каде тука во собава?

Која сум, си рече самата во себе.

– Јас сум газдарицата на куќата. Тажна гримаса се појави на лицето на непознатиот. Некаква мешавина од сожалување и изненаденост.

– Каква газдарица? Куќата ја купив. За тебе никој не спомна.

Што да рече? Да плаче ли? Да моли ли? Да колне ли? Кого? Непознатиот не е виновникот. Но кој е тогаш виновникот? Можеби нејзината преголема љубов? Можно ли е да не ја познавала својата рожба? А колку многу ѝ значеше? Колку многу го сакаше? Ја продал куќата. Што сега? Каде? Со кого? Ова ли е крајот? Ваков ли е? Се уплаши од животот, ја посака смрта.

Со растреперен, едвај чуен глас рече:

-Ако не сум газдарицата, не знам која сум. Прави со мене што сакаш. Исфрли ме на улица, убиј ме. Само едно те молам, не спомнувај ми го него, син ми! Јас всушност и не сум имала син. Сум ја имала само мачкава. – Ги затвори очите и занеме. Сè пресуши во неа. И солзите, и љубовта, и тагата. Остана само пустош во душата.

Не ги слушна кога заминаа. Очајот ја исклучи од сè.

Утредента пак чекори. Не сакаше да слуша, не сакаше да гледа. Го молеше Господ да ја земе. Чекорите кои се доближуваа се разликуваа од оние кои со денови ги исчекуваше. Во ушите и влезе нежно ангелско гласче. Значи заминува. Значи безгласната молба ѝ се исполнува.

-Бабо, разбуди се. - Со крајчето на окото ѕирна. Ангелчето личеше на детето од вчера. До него непознатиот.

-Не плаши се. Синоќа решивме. Ќе продолжиш да си живееш како досега. Не плачи, па нели рече дека ти си газдарицата. Така и ќе остане.

# НОВОГОДИШНА ПРИКАЗНА

31. Декември. Уште една година завршува... Едвај ги креваше своите тешки зимски чевли кои му ги подари еден сосед од улицата каде беше неговата изнајмена „соба“ која едвај можеше тоа да се нарече, но сепак тоа беше местото каде конечно можеше да живее како и секој друг човек. Таа „соба“ го префрли неговиот живот од другата страна, во нормалната страна. Чекореше бавно, не само заради тоа што беше стар, ја помина седумдесетата, туку затоа што на своите плеќи носеше многу тежина, а во душата многу горчина и разачорувања.

Да тргне од детството. Сè што беше убаво, сета нежност и добрина ја снема откако почина мајка му. Имаше само шест години. Беше исплашен, збунет, осамен... Со денови плачеше, а немаше кој да го утеши, да го гушне. Уште пострашно беше кога татко му се преженил. Малтретирањето, гладот и казните немаа крај. Удираше, клоцаше, кршеше. Беше лут на сè, Тинеј-џерските години ги дочека во поправен дом – за деца со

нервни проблеми. Со други зборови го прогласија за луд. Бегаше од таму, но пак го враќаа. Немаше кој да го заштити, да го слушне, да го разбере. Татко му безгранично ѝ веруваше на втората жена.

И сега, додека чекореше по замрзнатата улица, неколку снегулки му влегоа во очите. Не им се лутеше, беа толку убави и нежни. Улицата сѐ повеќе побелуваше. Снегот ги бришеше црните дамки од асфалтот. Улицата личеше на новогодишна елка украсена со многубројните светилки. Личеше на елка од неговите детски соништа.

Од домот го префрлија во установа за возрасни. И од таму бегаше со надеж дека заради мали и наивни кражби ќе го однесат во затвор меѓу нормални луѓе. Крадеше цигари, храна. Се насмевна: крадеше крофни од соседната фурна. Попусто. Без да ја испитаат неговата зравствена состојба го враќаа во болницата. Таму му било местото. И не му беше толку страшно заради условите. Најстрашно беше што немаше кој да му дојде, да го посети. Никогаш. Им помагаше на болните околу себе колку што знаеше и умееше. Барем имаше покрив над главата. Немаше друг избор. Немаше излез од маѓепсаниот круг од болнички ходници и решетки на прозорците.

Почна да му студи. Се завитка во долгото палто. Жмиркаше со старечките очи и со тага гледаше во осветлените прозорци. Улицата му заличе на долг воз. На возот на животот. Секоја куќа еден вагон, една година. Колку ли радост има зад тие осветлени

прозорци. Колку топлина има зад тие зидови во кои луѓето живеат нормално.

Не му се одеше дома, ја мразеше самотијата.

Имаше педесетина години кога во затворот дојде млад лекар специјализант по психијатрија. Секој ден доаѓаше во болницата. И секој ден разговараше со него. Станаа еден вид пријатели. Единствено тој не се плашеше од него бидејќи ја насетуваше неговата погрешна дијагноза. Едно утро дојде и му рече:

- Ти си здрав. Денес конзилиум ќе одлучи дали ќе ја напуштиш болницата како нормален човек. Убеден сум дека ќе биде така.

И беше така. Се отвори големата железна порта. Ислезе од таму без занает, без некоја наобразба за да може да се справи со животот. Му доаѓаше да се врати, да ги замоли да си го продолжи животот како дотогаш.. Неколку години работеше сè и сешто за да се прехрани. Спиеше каде ќе најде. Го научи ѕидарскиот занает. Секој денар што ќе му останеше го даваше. Најчесто на деца кои скитаа по улица.

Сега беше пензионер. Имаше пензија. Ветерот му го штипеше лицето. Сè потешко и потешко чекореше. Каде да оди? Каде да ја дочека Новата година? Со кого? На уличниот часовник едвај виде дека се приближува полноќ. Реши. Ќе оди на железничката станица. Таму сигурно има некој. Некој што го чека возот. Некој кој го испуштил возот. Влезе во големата чекална. Разочарано забележа дека е празна. И кога сакаше да замине го здогледа. На клупата седеше премрзнато шестгодишно момче. Слабо облечено се

тресеше од студот. Му пријде и едвај разбра дека цело попладне ја чека својата мајка. Ги испружи рацете и го прегрна прибирајќи го во своето широко палто. Очите му се наполнија со солзи. Се зачуди. Не заборавил да плаче! Неговото големо човечко срце го допре малото детско срце во моментот кога се поклопија малата и големата стрелка на станичниот голем часовник. Новата година дојде заедно со неговата одлука да се бори да го одгледа ова напуштено дете, кое беше на иста возраст и во ист кошмар како кога и тој имаше толку години. Реши како новогодишен подарок да му ја даде сета своја добрина и љубов.

# ДРУГАРКИ

Околу неа минуваа луѓе. Се чувствуваше толку осамена. А не дека немаше свои. Имаше, но тие не ѝ беа блиски, не беа  со неа. Секој си одеше по својот пат, брзајќи напред, со желба да грабнат што повеќе од животот. Во тие нивни чекорења немаше место за неа, иако им беше мајка. Не им се лутеше. Напротив се обидуваше да ги разбере, да им помогне. Ретките средби и контакти беа искри што долго ѝ го грееја срцето. Седејќи така на клупата, се чувствуваше како празна школка  од која е изваден бисерот. Се чувствуваше како вејка исфрлена на брегот од  реката на животот.

И овој ден беше ден како и сите денови во последните неколку години... Ова не беше живот. Ова беше вегетирање. Само цвеќето на нејзиниот прозорец што секојдневно го поливаше и правеше друштво. Читаше, шеташе, но прошетките беа сè покуси, видот сè послаб, бројот на другарките сè помал. Можеби за

таквата животна содржина во пензионерските денови беше виновна и таа самата, но ...

Денот заминуваше, бојадисувајќи ги дрвјата, клупите, минувачите со сива пепелава боја. И гласовите стивнуваа. И ветерот. Крупна капка ѝ падна на треперлива рака. Си помисли. Солза. Ги крена очите нагоре темни, тешки облаци пловеа по небото. Дожд. Ќе си оди дома. Нешто топло ѝ ја допре ногата. Зачудена го гледаше големиот далматинец чучнат до нејзините нозе. Се гледаа. Во крупните кучешки очи, како да виде тага. Плашливо ја подаде дланката и го помилува. Кучето уште повеќе ѝ се доближи. Ѝ ја лизна раката. На нејзиното лице се појави бледа насмевка. За миг како срцето да ѝ заигра. Тргна да си оди. Кучето тргна по неа. Мислеше дека ќе оди неколку чекори и ќе се врати. Но тоа не се случи. Кучето и по натаму одеше по неа. Почна да дува силен студен ветер. Се истури густ леден дожд. Брзаше, а годините ја диктираа брзината. Сè потешко се движеше. Со мака го изодуваше секој чекор. Ветерот ја удираше, дождот ја заслепуваше. На кучето дури заборави. Кога ја отвори вратата од станот тоа влезе пред неа. Беше мокро, исплашено, се тресеше. Му викаше да излезе, покажувајќи му ја вратата. Тоа не се помрднуваше, само жално гледаше во неа со влажните големи тажни очи. Се преоблече во суви алишта. Го гледаше кучето како се тресе, а од него капеше вода правејќи езерце. Се чудеше што да прави со овој натрапник. Реши: вечерва ќе ѝ биде гостин, а утре ќе го врати во паркот, каде што се најдоа. Го бришеше нежно и полека како што ги бришеше децата кога беа мали. Тоа

благодарно ѝ ги лижеше рацете, лицето и милно ја гледаше со големите очи. Му посла килимче и му даде во чинија млеко. Немаше поим што јаде далматинец. Изморена од дождот, од ветерот и од гостинот рано си легна. Околу полноќ ја разбуди чуден звук. Сонлива, едвај се присети на гостинот, на кучето. Ја запали светилката. Тоа чудно јачеше и мавташе со главата. Почувствува дека нешто не е во ред. Времето бавно минуваше. Со радост го дочека раѓањето на новиот ден. Се јави на ветеринар. По половина час се чу звончето на вратата. Тоа беше ветеринарот. Го прегледа.

-Кучето е тешко болно. Има воспаление на белите дробови.. Колку е старо? Како се вика? Таа одмавнуваше со главата. Немаше одговор на прашањата. Му ја раскажа приказната. Тој се наведна и го погали кучето, зборувајќи му. Кучето не реагираше на зборовите.

-Кучето е глуво, не слуша. Му треба лечење и голема нега. Можете ли? Сакате ли, сепак ова е туѓо куче. А и скапо е. Сигурно ќе се јави сопственикот, но дотогаш…дотогаш најверојатно ќе биде доцна за сè. – Бабичката реши:

-Ќе го негувам. Кажете што трба да правам.

Се заредија денови. Го негуваше како свое, како најродено. И дење и ноќе. Бидејќи не му го знаеше имато, а беше бело со црни дамки, од расата далматинец, го завика БЕЛА. Бела реагираше на името и на зборовите само кога гледаше во неа. Повеќе реагираше на допир на милување. Така поминаа заедно две недели. Бела се опорави. Весело трчкаше околу својата нова сопственичка. Станаа нераздвојни другарки.

Еден убав сончев ден тргнаа во паркот со Бела. Дојдоа до клупата на која најчесто седеше во паркот, но таа беше зафатена. Човекот ја погали Бела. Таа не се тргаше, но и не се радуваше. Очигледно беше дека се познаваат.

-Играјќи си со моето синче го турна. Детето силно плачеше. Крв му течеше од главата. Во лутина го удрив кучето. Тоа истрча и повеќе не го видов.

Го гледаше човекот што раскажуваше, но не му веруваше. Мислеше дека лаже, дека сака да и го земе, да го продаде. Како да утврди што е вистина.

-Мое е кучето. Имам негова крштеница. Верувајте ми. Мое е. Еве знам дека е глуво. Има и нежно здравје. Лесно настинува.

Немаше сомнение дека не лаже. Срцето ѝ се стегна. Пак разделба. А толку им беше убаво заедно. Убаво се дружеа. Животот доби нова содржина. Со насолзени очи ја погали Бела по главата, се сврте и тргна кон дома. Не можеше да гледа како човекот ја влече и убедува Бела, врзана со каивче да влезе во неговото возило. Таа јачеше и не сакаше да се помрдне. Поранешиот сопственик се досети. Ја повика бабичката да ја однесе дома со колата. Ѝ беше јасно. Сака Бела да влезе во колата. Почна да дува ветер. Застуде. Си помисли. Пак ќе настине. Влезе во колата, Бела по неа. Дојдоа до нејзината зграда. Таа брзо излезе, а Бела остана во возилото. Не се ни сврте. Не можеше. Се гушеше во солзи.

Наредните денови ги минуваше во кошмар. Спиеше будна. Се плашеше да ги затвори очите за да

не ја сонува. Плачеше. Не можеше да го крене килимчето, чинијата.

На третиот ден некој заѕвони на вратата. Не ѝ се стануваше да отвори. Немаше волја да стане, да се помери. Ѕвонењето упорно продолжуваше. Се тргна, како да слушна лаење. Како да слушна гребење на вратата. Слушам тоа што посакувам, си помисли. Можеби побудалувам од тага, од самотија…Лаењето се повтори. Стана и тргна да отвори. Погледот ѝ се замати. Бела рипна кон неа. Малку фалеше да ја собори. Ја гушкаше, ја милуваше, како да ѝ дошло најмилото.

-Сите денови не јадеше, само јачеше и тагуваше. Не можам да гледам како се мачи, како копнее. Таа избра. Еве ви ја враќам, - додека зборуваа Бела се шмугна меѓу нив и влезе во станот. Тргнаа по неа. Таа лежеше на килимчето и „ржеше. Како да сакаше да каже дека не оди никаде од тука. Се насмевнаа поранешниот и сегашниот сопственик и се поздравија. Ја затвори вратата. Седеше крај Бела и размислуваше. Зарем е можно куче да умее така да сака. Зарем е возможно куче да знае така да возвраќа. Зарем е можно кучето да има поголемо срце од оние кои ги роди и одгледа. Па и нив ги сакаше, ги негуваше, ги чуваше. Сепак беше благодарна што ја доби љубовта на Бела. Не се чувствуваше осамена како порано.

# СЕЛМА

Веќе ја почна седмата деценија од животот. И наизглед сè беше според општествените норми во ред. Беше успешен и афирмиран архитект, професор на факултет, познат и ценет и од колегите и од студентите. Имаше семејство, сопруга која интелектуално му одговараше, а физички според годините изгледаше сосема добро. Кога се сретнаа веќе беше вработен и навидум излекуван од неговата голема студентска и неостварена љубов. Дафина сосема се вклопуваше во неговата претстава за добра сопруга. Беше добар пријател и другар иако чувствата кон неа беа многу поинакви од она што го чувствуваше кон Селма.

Потоа дојдоа децата, а животот доби вообичаен класичен тек. Сега синовите веќе беа возрасни луѓе со оформени семејства и градеа сопствени кариери.

Годините минуваа, а тој се трудеше животот да му биде исполнет. Држеше предавања, пишуваше книги, конкурираше на многу проекти. Навечер кога шеташе

крај реката или низ градот си ги гледаше делата и си ја полнеше душата со емоции. Понекогаш чувствуваше некава необјаснива празнина. Се прашуваше самиот себеси што е тоа што му недостасува, кога навидум има сѐ...

И тоа утро тргна на предавање вообичаено расположен и подготвен за уште еден обичен работен ден. Влегувајќи во својот кабинет на масата забележа испечатена порака. Фрли поглед и без да ја прочита тргна кон вратата. Нешто го врати, се сврте и ја зеде да ја прочита пораката.

КОНГРЕС НА АРХИТЕКТИ - Њујорк

Прелета со погледот преку имињата на личностите кои ќе имаат излагање. СЕЛМА. Не можеше да поверува. Во градите почувствува немир, возбуда, чудно треперење... Уште еднаш ги прочита имињата. И презимето е исто. Не се омажила. Глупости: тоа е вообичаено кај еманципираните и афирмирани жени да не си го менуваат презимето. Го стутка листот и тргна на предавање. Тешко му одеше, беше деконцентриран, збунет. Едвај чекаше да заврши часот.

Се врати во кабинетот и седна во својата фотеља.

Селма. Боже, зарем е можно само нејзиното име да предизвика таква бура во него?! Па нели се заколна пред многу години дека ќе го заборави тоа име. Дека ни еден миг нема да мисли на жената која го напушти без да се поздрави, без да му каже каде заминува. И колку да наоѓаше оправдување за нејзината постапка во неодобрувањето на своите и нејзините родители на

нивната врска заради различити вери и обичаи, сепак сметаше дека нејзината постапка е сурова, нечовечна, малодушна. Друга вера?! Други обичаи?! Не можеше да верува дека тоа е причината, барем за неа. За родителите знаеше дека им пречи. Тоа беа други времиња...

Долго време се обидуваше да дознае каде заминала, со кого, но без успех. Никој не сакаше да му помогне да ја пронајде, да ја врати во својот живот. И како што се случува вообичаено, се навикна на болката, на лутината, на животот без неа... А колку многу му значеше, колку многу му недостасуваше знаеше само тој. Кога беа заедно, мислеше дека тоа го знае и таа. Не било така, инаку немаше да замине без збогум, без поздрав...

Конгрес на кој ќе биде и таа. Значи и за неа причината била голема штом заминала толку далеку. Што да прави?! Дали да оди? Дали да дозволи да оживеат старите рани. Не се рани, си велеше самиот на себе. Лузни се. Длабоки. Од друга страна нема ли право на радост, зошто да се откаже од шансата која му ја подава животот пак да биде можеби среќен како некогаш, барем неколку дена...

Наредните денови живееше како во бунило. Лентата со настани од пред четириесет години му се вртеше пред очи и дење и ноќе. Беше вознемирен. Беше болен од минатото, од спомените. Неговата состојба не беше незабележана. Сите го прашуваа што му е, а тој одговараше дека е добро, дека сѐ е во ред.

Времето за пријава се приближуваше. Реши. Ќе оди на конгресот. Ќе се сретне со Селма, љубовта на својата младост.

Излезе од таксито. Дуваше некој силен ветар. Му беше и топло и ладно. Во глевата му се роеја секакви мисли. Како изгледам? Дали добро се облеков? Се подисправи иако грбот го болеше од долгиот лет, а и од годините. Ја замазни подбелената коса и си рече: ќе се чуди кога ќе ме види. Можеби нема ни да ме препознае? Оваа црна мисла му ги избрка пеперутките во градите. Се насмевна и го забрза чекорот.

Во преполната конгресна сала веќе некој имаше излагањеј. Подзамижа за да направи добар фокус на излагачот и почувствува слабост во нозете. Срцето силно почна да му чука како срце на заробена птица. Излагачот беше Селма. Неговата Селма. Изгледаше преубаво, продуховено, возрасно, смирено. Му се чинеше дека излагањето бесконечно трае...

Конечно заврши. Тргна кон неа како во транс, како да лебдеше вопросторот. Му заличе тоа чекорење на тунел на чиј крај стои таа.

-Се радувам што дојде, - беа нејзините први зборови подавајќи ги рацете кон него за поздрав. Тој молчеше, не можеше збор да каже. Имаше впечаток како минатото да му долета во прегратки. Чувството и спомените го давеа.

-Уште ли ми се лутиш?! Поминаа многу години! Така беше најдобро за сите. Слушам дека ти оди добро. Дека имаш семејство, кариера... сè знам за тебе. Јас платив повисока цена. Сама сум!

Ѝ ги стегна рацете цврсто, земајќи ја во прегратка, и прошепоти:

-Веќе не си. Наредните години ќе бидат наши. Само наши. Моето отсуство таму никој нема посебно да го забелижи бидејќи сите си имаат свој живот. Се разбира ако тоа и ти го сакаш.

# ПРЕЉУБНИЦИ

И двајцата беа зачекориле во седмата деценија од животот. И покрај тоа беа луѓе полни со животна енергија, кои активно си ги минуваа деновите. И тој и таа имаа семејства, животни сопатници, ќерки и синови, внуци. Навидум ништо не им недостасуваше, па сепак. И тој и таа чувствуваа дека монотонијата им ја краде радоста, а навиките возбудата.

И така спонтано почна нивното дружење. Честопати шетаа покрај реката и си муабетеа за сè и сешто. Секогаш постоеше нешто за што се расправаа, полемизираа, докажуваа, аргументираа. И секогаш им беше пријатно и убаво. Се чудеше тој како со неговата сопруга од ден на ден сè помалку разговараа. Како да ги беа потрошиле и темите и зборовите, а со  Мила сè беше поинаку. Не дека не му беше драга неговата сопруга. Напротив. Но дружењето со Мила му беше нешто многу повозбудливо. Секоја средба беше како одгледан добар филм. Секоја средба беше како

прочитана интересна книга. Секоја средба беше како нешто кое им даваше енергија, ги подмладуваше. Можеби затоа што мораше да внимаваат некој да не ги види, да не ги сретне сопругата или сопругот, ќерката, синот, внуците, пријателите.... Се плашеа и двјцата да не излезат смешни, несериозни, чудни. Често пати се прашуваа зошто би било така. Па никому не прават лошо, никому не му ускратуваат ништо. Сите и понатаму добиваат сè. Сè што им е потребно, сè што им припаѓа и по закон и по господ. А сепак понекогаш во срцето им се вовлекуваше некој чуден немир. Некое чувство на вина. Чувство дека нивното дружење не е во ред. А зошто?! Што има лошо да седиш со некој и да разговараш со чаша вино?! Што има лошо со некој да шеташ и да разговараш?! Да беше тој или таа од ист пол би било во ред. Вака не е. Понекогаш ќе слушнеа како некој од другарите или колегите на шега или на вистина ќе ги наречеше прељубници. Глупости, тоа не беше вистина, а сепак средбите им носеа радост. Ако ова чувство се вика така тоа се!

И таа вечер тој се дотера, се намести, се подисправи и тргна на состанок. Се радуваше на средбата иако се чувствуваше како виновник, како крадец. Па не беше лага. Вистина беше. Крадеше од животот. Крадеше радост, крадеше возбуда.

Надвор дуваше силен ветер. Се спремаше дожд. Почувствува дека сè почна да го врти, да го боли. Метеорологот во него ја диктираше временската прогноза. Му студеше. Чекорот му стануваше сè побавен. Ја здогледа, му доаѓаше во пресрет.

-Глупаво време. Неподнослив ветер. Бадијала толку време потрошив да бидам уредна, убава. – Се жалеше таа, речиси со насолзени очи и го бришеше носот со шамивчето.

Ѝ заѕвони мобилниот.

-Молам. Да. Да. Доаѓам.

-Морам да одам. Ќе ми дојдат внуците – во гласот како да ѝ се почувствува олеснување.

-Убаво. Оди. Ќе се видиме другпат.

Се поздравија и секој си тргна во својот правец. Тој брзаше накај дома замислувајќи си ја топлата фотеља, и мирисот на чајот што ќе му го приготви сопругата, а таа брзаше да си ги прегрне внуците и да ги соблече чевлите што ја стегаа.

# ВО ИМЕ НА ЉУБОВТА

На брегот насобран народ. Шепотат нешто меѓу себе, намуртени, резигнирани…Гледаат во матната вода. Гранки разни отпадоци и меѓу нив тело на жена.

А само пред неколку часа и таа стоеше на брегот. Низ насолзениот поглед сѐ ѝ беше матно и измешано, и минатото и сегашноста. Иднината не, таа беше јасна. Ја немаше. Товарот на маките и грижите ги убиваше убавите нешта, иако постоеја. Се сеќаваше кога ја доби првата рожба и на бескрајната радост. Не дека сѐ беше мед и млеко, но се живееше. Па скоро им беше слично на сите. Немаше богати и сиромашни. Сите се одомаќинуваа на кредит и летуваа под шатор. Децата не носеа „марки“, носеа униформи. Не беа богати, но се врзуваше крај со крај. Го израснаа синот. Го изучија, го одомија. Среќни беа гледајќи ги внучињата како растат.

И радоста почна да исчезнува. Ја бришеше солзата од окото, надевајќи се дека ќе ја избрише

сликата на гладните очиња. Ги гледаше и кога спие и кога е будна.

Транзиција, безработица, реформи, сиромаштија. Студот ги блокираше мислите. Гладот го труеше денот. Пензијата од дедото беше мала во споредба со потребите. Ги жалеше најмногу внуците. Тие не беа виновни за случувањата. Тие беа деца кои бараа леб, чевли, книги. А немаше. Немаше ни кај соседите, ниту кај пријателите.

Минуваа денови кога едвај ќе каснеше некој залак. Гледаше да има за нив. Таа беше сита, сита од сè. И реши. Реши да не им го намалува и она малку на внуците. Пресмета дека еден помалку значи нешто. Само ја мачеше мислата што ќе рече светот. За каква ќе ја прогласат. Да не им донесе срам на децата. Уште тоа им треба. Не се жалеше. Го молеше Господ да донесе подобра иднина. Да помине оваа мора. Да дојдат подобри времиња.

Реши. Ќе го стори тоа што го наумила.

Стоеше на брегот. Срцето силно ѝ биеше. Стравот од животот беше поголем од стравот од смртта. Студениот ветер ѝ влегуваше во коските во душата. Мислата дека ова го прави од љубов кон сите нив, ѝ даваше храброст и утеха. Кукавица ли е што бега од животот? Нема ли друг излез од лавиринтот на животот и сиромаштијата? Ги стегна бледите усни во безгласна молитва. Бараше прошка од Бога, од најмилите. Скокна. Водата ја опколи. Го допре дното на реката, на животот. Не се плашеше веќе од ништо. Во срцето ѝ беше

надежта дека еден ден ќе ѝ простат, бидејќи ова го прави во име на љубовта.

Дали е храброст или кукавличок да се гушнеш со смрта, се прашуваа многу бројните минувачи кои за миг застанаа на брегот.

# ЗОШТО

-Отвори ги очите, најмило. Погледни ме! - ја стегаше малата нежна рака, студена и влажна. Долгите трепки фрлаа сенка на бледото безживотно лице на девојчето. Единствен знак на живот беше зелениот сигнал што шеташе по екранот над креветот, проследен од звукот во ритмот на нејзиното рането срце. Звукот беше продорен и непријатен и ја исполнуваше мајчинската душа со надеж, со радост, но и со страв…

Го гледаше милото чедо и ѝ шепотеше:

-Зошто? Немаше ли друг пат, друг излез? – По којзнае кој пат си ги повторуваше истите прашања. Две ноќи не ги беше затворила очите. Се плашеше дека ако заспие, ќе ѝ се украде, ќе замине. Беше преморена, очите ја печеа од пресушените солзи. Излезе од собата. Ходникот беше пуст и празен. Застана покрај отворениот прозорец. Во болничкиот двор, турканица од луѓе. Сите нешто зборуваа, брзаа, мавтава со рацете. Ги гледаше, но ништо не допираше до неа. Ништо не чувствуваше освен својата болка и страв.

Стоеше така, неподвижна, здрвена, безживотна. Што ќе ѝ е животот ако…не сакаше ни да си ја заврши мислата, за да не ја чуе Господ, Алах, Горниот, Семоќниот. Ако е таков семоќен, си велеше, зошто не ги урива оградите меѓу луѓето од друга вера, од друга боја. Зошто не им каже на сите дека тој е еден и единствен за сите. Дека сите луѓе се исти и во радоста и во болката. Дека луѓето исто сакаат и плачат без разлика како го викаат него, Алах или Господ.

Се врати во собата кај најмилото. Наеднаш се создаде некаква неприродна мешаница. Сестрите и лекарите се растрчаа, нешто правеа, немо се гледаа. Тишината злокобно ја исполни просторијата. Замолкна и звукот од апаратот на кој му се радуваше мајчиното срце, звукот за кој се фаќаше како давеник за сламка. Избезумена гледаше де во белите мантили, де во замолчениот апарат. Ја исполни виор на измешани слики и мисли. Стравот ѝ го стегна грлото. Не можеше да земе воздух... До неа како од бесконечна далечина допре нечиј глас:

-Готово е, нејзината млада измачена душа им се придружи на ангелите. Најде мир и спокој. Сакате ли некој да повикаме? Да ви се најде во овој најтежок момент? – ги слушаше зборовите на сестрата до себе.

Што сака?! Ништо веќе не ѝ беше важно. Болката како лавина ја исполни, ја изгоре, ја пеплоса...

Дента кога го положуваа нејзиното најмило, нејзината прва рожба во вечното пребивалиште, како за инает сѐ мирисаше на живот, на цвеќе, на убавина. Сѐ беше зелено, живо, растреперено. Можеби беше збогување на природата со еден млад живот кој згасна пре-

рано, живот кој згасна како свеќата што ја изгаси меѓу росните цвекиња пролетното ветре. Некој прошепоти:

-Зошто свеќи, која вера  е девојчето!

Господи, разликуваш ли ти вери? Нели сме сите исти пред смртта?! Во што се разликуваме додека сме живи? Во кавгите, во расправиите, во адетите... Во измислените нешта. Радоста и тагата се исти. Исти се и солзите.

Ударите на грутките земја што удираа по сандакот, како тешки чекани ѝ удираа во главата. Солзите ја гушеа. Болката не ѝ даваше да дише. Постојано, по стоти пат, по илјадити пат, се прашуваше себе, го прашуваше Господ, го прашуваше Алах, зошто ѝ го одзеде чедото.

Во тој кошмар го здогледа него. Таткото од друга вера. И во неговите очи препозна иста болка, но не почувствува сожалување кон него. Почувствува лутина и прекор. Дури го мразеше зошто ги напушти кога најмногу им беше потребен. Избега од сред борбата меѓу неговите, нејзините, избега од предрасудите, од измислените граници меѓу луѓето, од луѓето. Потклекна кога трбаше да биде силен, да издржи.

Уште еднаш го прочита ливчето мокро од солзи што го држеше во раката:

-Не можам веќе, се плашам од животот во кој не знам каде и кому му припаѓам! Збогум! - тоа беа последните зборови на нејзиното девојче.

Го стутка и го пушти во топлата земја покрај сандакот, давајќи си збор дека на секој начин додека е жива, ќе се бори ниедно дете, чие било, од било која вера и боја, да го снајде истата судбина.

# ДЕТЕ

Тмурен есенски ден. Низ прозорецот умира денот. Сите собрани околу масата, седат замислени, натажени, молчаливи. Секој се труди да ја оттурне тагата, да ги сопре солзите. Секој има своја причина за жал, за тага, за лутина...

Таа, мајката, сопругата, го жали зашто ѝ беше животен сопатник, другар, пријател, татко на нејзините деца. Но му беше и лута иако мислеше дека му прости за тоа што ѝ го стори многу одамна бидејќи уште еднаш ја изневери, заминувајќи си сега повторно, засекогаш. Низ што сè не помина со него?! Со денови го немаше. Најпрвин мислеше дека многу работи. Дури и го жалеше, иако понекогаш ѝ се вовлекуваше и друга мисла во душата. Каде е? Со кого е? Минуваа денови сè потешки,сè поосамени, сè понеизвесни… Кога ќе засвонеше телефонот, тој скокаше и трчаше прв да се јави. Зошто? Понекогаш му го фаќаше погледот замислен, загрижен, исплашен. Што се случи со сето

она што постоеше меѓу нив? Зошто го допреа дното? Каде отиде љубовта, каде отиде милостта, каде отиде довербата? И другарството, и пријателството ги снема. Можеби немаа што да си кажат, но тука беа децата, недоучени, неизведени на пат.

И тогаш. Се изли нешто од него, како кога ќе попушти брана. Излезе од него сето она што го чувал во себе со денови. Во гласот негов имаше и болка и каење и страв и трепет.

-Знам дека ќе те повредам и тебе и децата, но морам ова да го сторам. Детето остана само. Таа веќе не постои. Замина. Но тоа постои, само, малечко, незгрижено. Не сакам да оди во дом за напуштени деца. Тоа не е виновно. Дел е од мене иако е плод на непромисленост и страст без иднина. Барам помош и милост за него, не за себе. Свесен сум дека многу барам. Дека барам невозможно, – молба имаше во гласот, две молби во очите.

Се стаписа. Дете. Студенилото во душата стана уште постудено. Значи претчувството било вистина. Но што сега? Не чувствуваше лутина, ни гнев, ни љубомора. Чувствуваше само голема празнина. Како да постапи? Како ќе реагираат децата, роднините, пријателите? Детето е плод на нејзините страдања. Но, на децата им е братче. Можеби е предвесник дека мирот ќе се врати во нивниот дом. Дека тој ќе ѝ се врати. Но, детето ќе биде ѝ голема обврска. Што да стори, а да не згреши, а при тоа да биде добро за сите?

На ручекот вчудоневиденост кај децата. Бес, разочарување, неразбирање за постапката на татко им.

Беа исплашени. Зошто му се случува тоа на нивното семејство? Не гледаа ни во мајка им, ни во татко им. Солзи им го матеа погледот. Дете.

Таа прва ја скрши тишината. Ѐ помогна да најде решение фактот што и таа беше мајка.

-Нека дојде. Греота е. Можеби неговата насмевка ќе донесе радост во собава. Можеби неговите први зборчиња ќе нѐ научат да разговараме повторно. Можеби неговите рачиња ќе ни ги згреат срцата наши.

И така сторија. Дојде детето во нивниот речиси растурен дом. Се вгнезди во прегратките на сите. Сите го милуваа, само тој, татко му, најмалку. Како да се плашеше дека некој ќе му забележи. Растеше детето опкружено со љубов и внимание. Заучи. Беше добро и послушно момче, малку повлечено во себе за својата возраст. Хармонијата и спокојот во домот го носеа неговото име.

И сѐ така до денес. Инфаркт. Замина таткото засекогаш. Што сега, се прашуваа сите. Немаше аманет од таткото, ниту глас од мајката која го напуштила, за сите овие години. Седеше сега крај масата меѓу братот и сестрата со солзи во очите и стегнато срценце. Што ќе се случи сега? Ќе донесе ли ова второ заминување промени во неговото детство? Сите го сакаат но …Му се затресе брадичката, солзички му потекоа низ обравчињата. Грутката во градите како да ѝ се подистопи од топлината на детските солзи. Си рече во себе: Каде сите, и тоа. Нема место за грижи и страв. Ќе продолжиме да живееме и понатаму како и досега,

делејќи и добро и лошо, помагајќи си и сакајќи се. Стана и го зеде во прегратка.

На закопот одеше прво, стегајќи го со детските нејаки рачиња крстот на татко си, крстот на својата судбина. Неговото мало срце беше благодарно што жената на неговиот татко му е мајка, а не вистинската.

# БЕЛИ РОЗИ

Студентска љубов навидум слична на многу други. Таа сериозна, умна, црноока, но не многу убава и атрактивна. Ретко кога се смееше гласно. Нејзината насмевка беше тивка и срамежлива како и таа самата. А тој светлоок, весел и секогаш ведар и насмеан, готов за шега и палавости. Беше убав како и неговата ѕвонлива смеа. И тој и таа припаѓаа на семејства што крпеа крај со крај, што се откажуваа од многу нешта за да им дадат факултетско образование на своите деца за да можат еден ден да бидат ослободени од сето она што нив ги притискаше низ животот.

Студиите им одеа добро. Нејзе одлично, а тој како сладок товар се шлепаше по неа. Повеќе се радуваше на неговите положени испити отколку на своите. Минуваа денови делејќи ја радоста и чинијата со храна во студентската менза. Минуваше времето меѓу денес и утре обоено со нивните чувства, со нивното другарување. Им недостасуваа многу нешта, но имаа нешто што беше многу повредно од сè - љубовта.

Мечтаеа во студените ноќи за топла соба, за пријатен и свој дом. Се прегрнуваа со вкочанети раце од студ. Се бакнуваа со заледени усни. На крајот сè се топеше од силината на она што го чувствуваа. Се радуваа на пролетта заедно со природата и белите рози што тој ѝ ги носеше од нивната градина. Беа убави и нежни како и нејзините допири. Но летото, летото носеше нервоза. Сите нешто планираа, некаде заминуваа. Тие двајцата не можеа да си го дозволат тоа. Не можеа да му се радуваат на сонцето, гушнати од пенлив бран. Можеа само да се возат на нивните велосипеди по улиците на нивниот роден град. Се држеа за раце и сонуваа за едно мало велосипедче крај нив.

Честопати, тој насмеан, со сјај и желба во очите ѝ шепотеше:

-Ќе биде син, ќе личи на мене, ќе ги има моите очи. Тој ден ќе ти донесам бели рози!

Таа одмавнуваше со главата, како да сакаше да му каже дека има време, дека пред тоа треба да дипломираат, да се осамостојат.

Летото штотуку беше почнало сè да стоплува и да позлатува со своите врели зраци. Седеа на оградата од нивното основно училиште приспомнувајќи си на детството. Галејќи ѝ ја косата почна да ѝ кажува дека неговиот другар од соседството прави роденден и се поканети двајцата. Гледајќи колку се занел во тоа му предложи да оди сам. Таа немаше што да облече. За машките е полесно, си мислеше и му го кажа нејзиниот предлог, велејќи му дека не се чувствува добро, а и мора да учи за дипломскиот. Потајно се надеваше дека

нема да прифати да оди без неа. По подолго убедување тој се сложи да оди сам.

Утредента ѝ раскажа дека не било на забавата којзнае што, дека дури и се досадувал, притоа одбегнувајќи го нејзиниот поглед. Наредните денови беше некако замислен, молчалив. Си мислеше дека е таков затоа што таму сите зборувале каде ќе одат на летување, па е нервозен што тие нема да заминат. Размислуваше како да го развесели својот сакан. И одлучи. Секоја година феријалците од градот одеа на море. Ќе ги спојат нејзината и неговата стипендија и тој ќе оди на летување, а таа ќе го подготвува дипломскиот, а потоа ќе го работат неговиот.

По неколку дена, кога дојде кај неа за да излезат, му го кажа својот план. Отпрвин се противеше, но на крајот прифати, чудејќи се на нејзината великодушност, зборавајќи дека тоа се вика љубов. Ја праша:

-Не ли се плашиш дека можеби таму ќе сретнам некоја, ќе се вљубам?

И како и секогаш умна и сериозна му рече:

-Некаде сум прочитала дека тој што го сакаш треба да го пуштиш и да му веруваш, ако се врати и тој тоа го чувствува, ако не, не треба да жалиш. - Го рече тоа убедена дека враќање сигурно ќе има, дека нема алтернатива.

Тажна, криејќи ја својата тага го испрати тоа утро. Му мафташе со наместена насмевка додека возот не ја напушти станицата, молејќи се што побрзо да се врати во нејзината прегратка. Се заредија денови. Не доби ни писмо, ни разгледница. Почна да се вгнездува

некој немир во неа. Да не е болен, да не му се случило нешто лошо. Остра болка ја пресече при помислата дека можеби ова е почеток на крајот.

По дваесет дена тој се врати. Се прегрнаа, но ѝ се стори дека прегрнувањето не е исто. Дека е помлако, полабаво. Мислеше дека си умислува и ги бркаше таквите мисли што како стршни ја напаѓаа. Но инстиктивно чувствуваше дека нешто се случило, се случува. Присутно беше тоа морничаво чувство и го праша со надеж дека неговиот одговор ќе ја ослободи од стегите на стравот и сомнежот.

-Значи веќе успеале да ти кажат. Глупости, тоа не беше ништо сериозно. Знаеш сонце, море. Сонцето удира в глава. Губиш разум. Верувај ништо не ми значи таа.

За жал не излезе како што тврдеше. Неговите зборови беа монолог со кој тој си се убедуваше самиот себе. Маглата на сомнежите се крена кога ги виде заедно. Тој гледаше во неа, а таа му се умилкуваше. Ја препозна. Братучетка на другар му што прославуваше роденден. Беше сосема спротивна на неа во сè. Беше русокоса, слободна во однесувањето, помлада и добро ситуирана. Се однесуваше кон него на начин на кој таа никогаш не би можела и да сака. Полесно и побрзо би докторирала.

Вистината ја плисна в лице како бран, горчлив и солен како солзите што ѝ го облеаја лицето. Се стаписа, занеме. Тој ја забележа. Тргнаа двајцаата кон неа. Ги виде, се сврте и се стрча кон дома. Брзаше да се одалечи од нив, од сè. Трчаше низ улицата што беше

сведок на најубавите нешта во нејзиниот дотогашен живот.

Во наредните денови се обидоа да бидат заедно. За жал секој ден завршуваше со солзи. Тој се лутеше, велеше дека ништо не е изменето меѓу нив, дека е патетична, сомничава, без причина, љубоморна. Таа плачеше и молчеше. Ѝ се чинеше дека деновите кога беа заедно и се прегрнуваа, одалечени се со светлосни години.

Есента дипломираше, но немаше радост, немаше воодушевување. Средбите се проретчија. Ѕвездените ноќи се растурија како скинат гердан.

Едно утро го сретна брат му. Некако чудно се поздравија.

-Жал ми е што се разделивте. Те сакам како сестра, но брат ми не те заслужува. Слушнав од мајка ми дека ќе се свршат.

Сѐ и се сврте. Сѐ изгуби форма и димензија. Како да остана без подлога под нозете. Можно ли е? Толку ли брзо дојде крајот? Толку ли многу боли кога некој сакаш, а тој не ти возвраќа? Зошто? Каде згреши?

Зборовите од брат му се обистинија. Свадбата беше неочекувано бргу. Тие денови ги помина во кошмар. Не јадеше, не спиеше, не живееше.

Кога отиде во градот во кој студираа за да заврши некои работи, се сретна со еден колега со кој работеа вежби. Беа во иста група. Секогаш беше добар и внимателен кон неа. Се однесуваше некако заштитнички. Толку многу ѝ се израдува кога ја виде. Ѝ годеше неговото внимание. Се чувствуваше како смрзнат огре-

ан од  зимско сонце. Не беше жешко, но беше пријатно, топличко. Се договорија да се видат пак.

Извесно време по свадбата се сретна со младоженецот. Средбата беше чудна. Немаше што да си кажат. Постоеја неколку минути и се разделија. Секој во својот правец. Тој во оној што го одбра, таа во оној кој ѝ се виде можен во тој момент.

Набргу се омажи и таа. Реши дека нема да дозволи очајот да ја уништи, ниту да му нанесе некому болка заради сопствениот пораз. Дека сета своја добрина и почит ќе ја подари на подадената рака. Со таа мисла замина од родниот град, и сврте нова животна страница. Се заредија месеците. Стануваше се побавна, се потешка. Црпеше сила и енергија од едно мало срценце што чукаше до нејзиното…

Ноќта си ги собираше темните поли. Денот ги гаснеше ѕвездите една по една. Сонцето ѕирна низ болничкиот прозор и ѝ ја позлати постелата. Светлината се натпреваруваше со сјајот на нејзината радост. Го помилува малото лиценце до себе и се насмевна. Некој влезе во болничката соба. Не се ни сврте. Мислеше дека е нечиј посетител. Ништо не ја интересираше освен нејзината рожба. Сенка падна над нејзината постела. Ги крена очите и се сретна со неговите, зачудена, изненадена. Што да му рече? Зошто ѝ го краде мирот? Зошто ѝ го ремети спокојството?

-На што се должи посетава? - Се трудеше да не ѝ затрепери гласот.

-Дојдов да го исполнам ветувањето што ти го дадов некогаш! – ѝ рече и ѝ ги подаде белите рози што

ѝ ги донесе. Срцето силно ѝ биеше, но успеа да го издржи неговиот поглед без да трпне.

-Кога сфатив што ми значиш веќе беше невозможно било што да се промени. Сè се заврши толку бргу. Зошто?

-Не сакав никој да ме жали или сожалува. Разумот секогаш носи спокој. Им ја дава вистинската димензија на нештата. Реалноста не е сонце да не можеш да гледаш во неа. Ги отворив широко очите и скокнав во реалноста. Добрината нечија ми стана засолниште. Среќна сум. На еден друг, но пријатен начин. Се чувствувам како кога ќе проголташ горчлив лек, но потоа си здрав. Оздравев од она што го чувствував кон тебе. А ти? – неговиот поглед ѝ кажа сè.

# ПОСЕТА

Го притиснав тастерот на ѕвончето над  вратата. Претходно проверив, беше заклучена. По неколку минути ми отвори млада симпатична сестра. Ме праша кај кого доаѓам во посета и побара да види што носам.

-Врвки,  стакло, остри предмети се забранети, - нејзиното објаснување повеќе ми личеше на извинување.

Влегов во долг болнички ходник кој повеќе беше сив отколку бел. На плафонот светеа неколку обични светилки распоредени во права линија. Прозорец не забележав. Стоев и гледав во редица од триесетина луѓе. Две жени, двајца мажи, сама  девојка, сам средовечен човек. Се движеа рамномерно едни зад други до крајот на ходникот, а потоа се враќаа назад, за пак да свртат кога ќе стигнат на спротивниот крај. Ги гледав нивните лица: тажни, намуртени, збунети, насмеани, незаинтересирани… Заедничка им беше заклучената врата и дијагнозата. Ја пронајдов таа што дојдов да ја посетам. Седеше сама до ѕидот. До неа качена на стол-

че поткревајќи се на прсти една девојка ѕиркаше низ еден висок прозорец речиси до самиот плафон.

Ѝ се приближив. Зачудено ме погледа, како да сакаше да ме праша зошто сум дошла. Беше видно ослабена, косата ѝ беше подрасната, лицето бледо, очите длабоко тажни. Ја прегрнав и почувствував како ѝ трепери снагата. Како да се обиде да ми се насмевне, но обидот беше неуспешен иако се чувствуваше дека се обидува. Депресијата ја беше оковала целата. Дури и движењата на рацете ѝ беа бавни и тажни како и нејзиниот поглед.  Ја гледав и се чудев како може големата болка да ја трансформира толку страшно. А  беше полна со живот. Полна со енергија.

-Како си, ја прашувам, а одговорот го знам, го гледам. Ѝ ја подавам книгата што ѝ ја донесов, чоколадата и тоалетната вода, претурена во пластично шишенце, според прописите. Се чудам што да ја прашам, а притоа да не ги допрам сѐуште не заздравените лузни на нејзината измачена душа. Молчењето во моментот ми изгледа најсоодветно, при тоа ѝ ја стегам малата студена дланка, како да сакам да ја згреам, да ѝ влеам малку топлина. Погледнувам во девојката до нас, сѐуште се поткрева на прсти.

-Сака да види како е надвор, дали е ден или ноќ. Освен чекори на нозе што се движат и не може друго да види, а сепак постојано се обидува да стапи во допир со надворешниот свет. Никогаш не шета со другите. Едвај успеваат да ја симнат за да јаде. Никој не ја посетува, барем откога сум јас тука.

Ни приоѓа една средовечна жена и ме прашува колку е часот. Ѝ кажувам и се свртувам сакајќи да почнам некаков разговор. Во тој момент жената е пак до нас и пак ме прашува колку е часот,  а не помина ни минута. И кажувам. Ни приоѓа едно момче и ми бара цигара. Му велам дека не пушам, но тоа е упорно. Бара. Пак му повторувам дека не пушам, тоа го повторува своето барање. Мојата соговорничка станува, оди во една од собите и се враќа. Ми дава полна рака цигари од разни типови. Му подавам цигара. Неговиот поглед станува светол од задоволство. Се заблагодарува и се вклучува во поворката  шетачи.

-Пак ќе дојде да бара, а цигарите што ти ги дадов се од неговата фиока. Така сите му даваме. Ги чува, не ги пуши.

Пак се приближува жената што прашува колку е часот .

-Ги чекам внуците. Колку е часот? – Ѝ одговарам иако не погледнувам во часовникот. Ми станува јасно дека точноста воопшто ништо не ѝ значи. Дека внуците кои што ги чека нема ни да дојдат!

До спротивниот ѕид седи згоден маж од три-есетина години. Забележителен, облечен во скапа фирмирана облека. Задлабочен е во нешто што црта.

-Тој е архитект. Тој е единствено опасен тука. Го задавил детето од сестра му, гушкајќи го. Постојано црта згради и деца. Ретко зборува. Недружељубив е. Иако болни, сите го заобиколуваат. Како да се плашат од него. Тука е заради врските што ги имаат неговите, а

не треба да е тука. И овде има врски, се насмевнува тажно и резигнирано.

Во тој момент се слуша силен врисок. Гласот е на жена, но повеќе потсетува детски глас. Плаче, вика, кажува нејасни зборови. Мојата соговорничка стана и се стрча кон кабината за туширање. Тргнав по неа. Под тушот од кој излегуваше ледено студена вода стоеше девојка со речиси детско тело. Беше гола. Плачеше на глас, молеше да ја спасат, се жалеше дека ѝ студи. Некој почна да ги вика и бара сестрите. Обидот беше неуспешен. Никој не доаѓаше. Девојката сѐ посилно плачеше и се тресеше. Жената што дојдов да ја посетам целосно облечена влезе под тушот. Ја затвори водата. Ја прегрна девојката и ја поведе кон една од собите. Одеа прегрнати. Водени млазови ги обележуваа нивните чекори. Гледав немо де во едната, де во другата. Погледот на мојата соговорничка дотогаш тажен и матен, беше јасен, светол. Задоволство ѝ ги пополни брчките што ги изгравирала нејзината тага, нејзината болка, по скоро загубената ќерка. Ја гушкаше нежно расплаканата девојка, а нејзиниот поглед како да ми се извинуваше што за миг го прекинавме разговорот.

Поворката од шетачи беше запрена. Кога влегоа во собата од девојката што се „тушираше“, како по нечујна команда поворката од шетачи пак тргна.

Стоев уште неколку мига. Се почуствував како отфлена од нивниот свет. Се упатив кон заклучената врата. Во истиот миг дојде сестрата која упорно беше барана само пред некулку минути. Ми отклучи мрморејќи:

-Гледате како е со вакви луѓе, - воопшто не ѝ беше непријатно што бев сведок на нејзината неодговорност и нечовечност. Излегов. Посетата заврши.

# ДИЛЕМА

Ја гушкаше перницата влажна од нејзините солзи. Постојано ѝ се враќаше истото прашање: што да стори? Дилемата за двете можности ја окупираше веќе неколку денови. Не можеше да мисли на ништо друго.

Што да стори? Кое решение е исправно? Кое решение е побезболно, поправедно, почовечно?

Дали да му каже? Изгледа дека ќе мора, тој е заслужен за новиот живот во неа. За опредметување на нејзината долгогодишна желба. Под затворените клепки ѝ светкаа ѕвездите од ноќите поминати заедно, рака под рака, шетајќи по златните лисја што шушкаа под нивните нозе како шепот на вљубените. Солзите на лицето беа топли како дождовните капки што ѝ ги бришеше со бакнежи. А таа ноќ, ноќта од соништата, во малата планинска куќичка… Сè беше бело. Сребрено, волшебно. Тишината ја нарушуваше радоста на искрите што скокаа од огинот во каминот и се мешаа со ритамот на нивните срца. Среќата ѝ ја матеше сознанието дека тој е пријател на мажот ѝ. Но сè има цена, си велеше.

Па и тој знаеше да си украде по нешто од животот. Често се прашуваше каде отиде, каде ја снема нивната студентска љубов? Зарем толку е тенка линијата меѓу имаш и немаш? Меѓу љубиш и не љубиш? Можеби убиец беше преголемата желба за пород, за детски плач и детска насмевка? Можеби…

А тој? Неговото внимание беше дожд за сува земја. Неговите прегратки беа засолниште од ударите на ветерот на животот. Неговите бакнежи беа нежни весници на убавото, на новото што доаѓа. Се радуваше на секој негов повик за дружење, нудејќи се целата со безгранична доверба. Во миговите со него не мислеше ни на вчера, ни на утре. Ѝ се радуваше на сегашноста. Ни на крај памет не помислуваше дека ова може да се случи. Ги избриша солзите префрлајќи си дека е неправедна, малодушна, плашлива. Утре ќе му ја каже радосната вест. Утре ќе ги плетат нишките на нивната заедничка среќа... На средбата нејзините зборови се одбија од неговото молчење како нежни бранчиња од стена. Солзите радосници ѝ станаа ледени од неговиот студен поглед. Нивната врска тој не ја замислувал со таков крај! Го гледаше и се чудеше на неговата рамнодушност, незрелост, несериозност, инфантилност… Дали овој човек пред неа е истиот човек што ѝ ги симнуваше звездите од небото, што го нарачуваше најубавиот танц на снегулките. Зошто толку се исплаши, па таа дури и ништо не побара од него. Бараше друштво за опивање од радост. Бараше ортак на среќата. Ја крена главата високо, многу повисоко од неговата ништожност. Се почувствува слободна, испол-

нета со гордост и убавина, благодарна на судбината што подарувајќи ѝ го она за што мечтаеше со години и ги отвори очите да се осознае навреме. Во нејзиното срце немаше каење, немаше лутина. Не го потценуваше човекот-дарител. Тој всушност и не беше лош. Беше плашливец. Си замина по патеката сама, со раката како да сакаше да го заштити, да го утеши тоа мало суштество кое штотуку се создава. И остана вториот дел од дилемата: како ќе му каже на мажот ѝ?

Стаса дома. Седна во фотелјата крај прозорцот и започна чекањето на „пресудата“. Вратата се отвори. Ги слушна неговите чекори. Тој влезе во собата изговарајќи го вообичаениот поздрав, кој се беше претворил само во збор. Веќе одамна беа свесни и обајцата дека бездната на рамнодушност секојдневно станува подлабока, пострашна. Живееја не заедно, туку еден крај друг. Не се мразеа, но омразата е барем чувство, рамнодушноста не. Ја погледна. Инстинктивно почувствува дека нешто се случува, дека нешто сака да му каже. Во последно време како да се разубави. Како да ја осветли нешто од внатре. Што ли ја запалило таа светлина во нејзиниот поглед. Ореол од нежост ѝ го красеше ликот. Ја гледаше. Му заличе на онаа негова девојка што со месеци се трудеше да ја освои. На онаа негова сопруга што му ја красеше перницата и му ја грееше душата. Како да се запали старото запепелено пламенче на љубовта. Ја подаде раката кон неа, како да сакаше да ја допре и да се увери дека сè не е мртво. Дека има надеж за нив.

-Бремена сум.- некако рапаво зазвуче нејзиниот глас. Слушна, а не му се веруваше дека слушна. Како, кога, со кого, му го боцкаа срцето отровни стрели. Сакаше да праша, но глас не излегуваше.

-И што е твојот коментар? – го праша со непријатност во глсот.

-Што да речам, дека се радувам? Па не сум до толку кретен. Поинаку ќе беше да беше наше! Знам што ти значи, но… Ослободи се од него и ќе отвориме нова страница во заедничкиот живот. Ќе ги запалиме старите огнови. Ќе ги закопаме секирите и сè ќе биде како некогаш, кога секој нов ден беше нова радост. Стори го тоа во името на нашата некогашна љубов. Ти ветувам, ти се колнам, дека никогаш нема да ти префрлам или да ти го спомнам ова!

Го гледаше со широко отворени очи. Се прашуваше дали се слуша што ѝ зборува. Дали е свесен што бара од неа? Дали разбрал за нејзината врска со нивниот заеднички пријател? Па тие и не се криеја. На моменти ѝ се чинеше дека е рамнодушен, дека не му пречи. Факт е дека никој од тројцата не очекуваше ваков исход. Факт е дека едно мало суштество е резултат на сето тоа. Дилемата е што понатаму? Како понатаму? Со кого? И наеднаш како да се крена маглата. Ѝ стана сосема јасно и како и со кого. Сама во нов живот со сопатникот во неа. Нема дилема малото големо сонце ќе ѝ го осветлува животот понатаму.

# ЗАКОН

Со нетрпение чека да го слушне звукот на сирената од возилото за „Брзата помош“. Да ли ќе стасаат на време? Дали ќе мора да преживее сè повторно? Во главата со голема брзина се вртеа сликите од филмот на нејзиниот дотогашен живот.

Нивната студентска љубов беше љубовна приказна. Заедно беа во сè. На факултет, во кино, на седенка со другарите. Таа нежна, мила синоока убавица, тој со убава става спортист и интелектуалец секогаш подготвен да помогне, да ја заштити од сè. И како во сите убави приказни резултат на нивната љубов беа двете ќеркички и нивниот топол дом отворен за сите другари и пријатели. Но, народната мудрост секогаш е во право. Убавите нешта кратко траат. Почина тој во едно убаво топло есенско попладне на нејзини раце. Со неговото заминување ѝ се чинеше дека замина и нејзината волја и желба за живот. Ништо не ја допираше, ништо немаше значење и убавина. Се прашуваше во бессоните ноќи

зошто се случи сето тоа? По кој закон, по чија наредба? Болката беше без-гранична. Солзите не запираа. Се движеше низ куќата како дух. Се плашеше да ги отвори очите, зошто сѐ, секој предмет ја потсетуваа на него. Мир постепено наоѓаше во прегратките на децата, во нивните љубопитни очиња кои ја гледаа со неразбирање. Се заредија денови слични еден на друг. Се претвори во еден вид робот кој програмирано го извршуваше зада-деното. Бараше мир во работата, убавата книга, музиката, внимателно одбегнувајќи го заедничкото, поранешното. Во душата чувствуваше огромна праз-нина. Се чувствуваше осамена, незаштитена дури и неспособна да се справи со сето она што ѝ се струполи на плеќите. Светла точка во сето тоа беше другарувањето со колегата од канцеларијата во која работеше. Тој не беше од нивното старо друштво. Тој не зборуваше за него, не се сеќаваше на ова и она како другите. Ја слушаше нејзината болка, ја слушаше нејзината тага, нејзините проблеми. Со часови му раскажуваше за своите проблеми, обврски, за децата. Слушаше и овде онде помагаше, советуваше. Му беше драго да помогне, да слуша за тие две дечиња кои тој немаше среќа да ги има. Живееше тој со својата сопруга мирен монотон живот во кој љубовта ја убиваа навиките. Немаше кавги, расправии. Имаше тишина, тишина и само тишна. Како поминуваа годините речениците стануваа сѐ покуси.

Ова што се случуваше од ден на ден ја заниша лулката на животот во која дотогаш си живееше. Почувствува како нешто да го тргна од местото. Соз-

нанијата за новите чувства не ги изговорија. Беше јасно како сончев ден дека тенка нишка од емоции ги сврзуваше бреговите на нивните срца...

.........

Додека со нетрпение чекаше да влезат луѓето во бели мантили во собата, се сеќаваше на осудата од околината, од другарите, од пријателите. На нивните зошто и како.  Кој им даваше право да ѝ судат, по кој закон беше нејзината вина. Грев ли е да сакаш да продолжиш да живееш? Грев ли е повторно да сакаш? Грев ли е да чувствуваш радост? Па таа не ги уништи спомените. Ги одгледува и се грижи за децата, подарокот на нејзината претходна љубов. Дури и тој ѝ помага во тоа, задоволувајќи го својот недостиг од пород. Живеат двајцата нов живот, трудејќи се децата да имаат сè, а тие грст нова среќа. Среќна околност беше што децата на свој нивен детски начин го прифатија новиот член на семејството. Единствена темна сенка беше неговата сопруга. Живееше сама со своите книги и цвеќиња. Затоа останаа во контакт, како дваица цивилизирани луѓе. Интересно поразделбата не станаа непријатели. Немаше омраза... Ѝ помагаше кол-ку што може. Но, секогаш кога ќе се вратеше од кај неа во очите му гледаше тага. Или можеби беше тоа еден вид чувство на грижа на совест. Тој си знаеше најдобро што е.

Не му се лутеше што ја посетува. Доволно ѝ беше што се заедно. Доволна ѝ беше неговата љубов. Судбината така сакала да биде, се умируваше самата себе кога понекогаш ќе ѝ се јавеше непријатното чувство дека го дели на некој начин со неа.

Размислуваше за сето ова додека му ја држеше раката и како да сакаше дел од својата енергија да му преточи, да го заштити, да ја избрка несреќата. Го гледаше неговото бледо лице и трепките што поттреперуваа како да сакаа да ѝ дадат знак да биде храбра, да не се плаши. Уште ги нема. Од страв и неизвесност ѝ беа заглавени зборовите на утеха во грлото.

Дојдоа, го однесоа. Со трчање влезе во долгиот млечно бел ходник. Сестрата што ѝ дојде во пресрет ѝ нудеше лист хартија за потпис.

-Вие сте му сопруга, нели – го слушна нејзиниот пријатен глас.

-Не, - се прашуваше избезумено како да го дефинира својот статус.

-Според законот мора да потпише за операција сопругата или некој друг негов близок роднина. Пронајдете некој брзо, многу е итно. Во прашање се минути.

Молскавично мислеше кого да најде. Се сети на неа, но како да ја најде? И ако има среќа да ја најде што да ѝ рече? Минутите брзо минуваа. Мобилниот упорно ѕвонеше. Закон, закон, закон. Каков закон? Па тие живеат заедно. Тие се семејство. Зарем толку е битен тој лист хартија што се вика извод од книгата на венчаните?!? Во ушите ѝ допре тивок, зарипнат од молчење глас. Во еден здив ѝ ја кажа причината за јавувањето. Дури не се ни претстави. Го стегаше мобилниот во треперливата рака чекајќи го одговорот од другата страна.

Дека веднаш ќе дојде беше сѐ што разбра. Стоеше во ходникот вознемирена, нестрплива,

исплашена. Се плашеше дали ќе дојде навреме. Се плашеше и од средбата. Низ замаглениот од солзи поглед, ја здогледа. Елегантна, слабичка фигура на жена на која годините и настаните оставиле трага. Погледот со кој се сретна беше тажен, без омраза и обвинување. Ја извади ракавицата. Се појави бледа нежна рака со прстен. Нешто ја пресече во градите. Можеби е од него. Гледаше во буквите што ги испишуваше. Нејзиното име и неговото презиме. Закон. Излезе дека тој е побитен од сè. Од љубовта, од пријателството, од заедничкото живеење. Ѝ климна благодарно со главата. Се гушеше од солзи и возбуда, благодарна што оваа жена пред неа го познава и другиот закон.

# ПРИКАЗНА ЗА ЕДЕН ПЕНЗИОНЕР

Многумина од нас заминувањето во пензија го сфаќаат како крај на нештата, но многумина од нас и како нов почеток на многу нешта за кои додека си во работен однос немаме доволно време.

Во втората група спаѓа пензионерот од приказнава. Иако целиот свој работен век овој седумдесет и пет годишен пензионер се дружел со боите и четките, правејќи илустрации и слики за сѐ она што го опкружува, за убавините на природата, за убавините на животот, тој и по пезионирањето уште поинтезивно и со уште поголема радост ја продолжува својата опсесија со убавото. Неговите слики и илустрации се оживеани мали нешта кои го разубавуваат неговиот живот и животот на сите кои имале среќа и можност да ги видат неговите дела. Неговите илустрации се дар за неговите внуци и за сите деца.

Гледајќи го како со огромна енергија создава и твори, човек се запрашува од кои извори е сето тоа. Одговорот е во мудроста на сфаќањето на животот.

Извор е неговото сознание дека третото доба е доба на жетвата, доба на мудрост, доба на стрпливост, доба на исполнување на многу мечтаења.

Денес тој има време за сè што му ја исполнува душата. Се дружи со внуците и пријателите, спортува, твори. Неговите слики се патепис на животот. Од нив се слуша шумот на ветерот, песната на разиграните снегулки, смеата на децата, треперењето на лисјата, чекорот на бубачките, жуборот на водите, изворите и реките. Овој вљубеник во природата со своето уметничко око ни го покажува сето она што без него нема ни да го забележиме. Но тој не е само сликар, тој самиот ја има направено скоро целата викендичка, од ѕидовите, со прозорците и вратите, креветите и маситe, полиците, оградата и патеките во дворот. И од сето тоа блика умешност, создателство, трудољубувост. И околу викендичката многу убавини: винови лози, рибизли, вишни, цвеќиња... Ракијата и виното кои им ги подава на добродојдените, се исто така негови „ракотворби”.

Во боите на неговите слики го има и небото, ги има планините, го има езерото, со скриените убавини кои ги забележал додека нуркал, бидејќи и нуркањето е негова љубов и хоби.

Ќе си рече човек колку часови е неговиот „работен“ ден. Многу часови. Денот е голем колку и неговиот дух. Витален, тивок и вреден, си го чекори својот пензионерски живот потврдувајќи дека човек е млад колку што се чувствува млад. Речиси осумдесет години години, и над половина век творештво се убави јубилеи. Убаво е сето она што го создава на сите полиња

од животот, но сето тоа е под закрилата, под стреата која му ја прави неговата животна сопатничка и потпора неговата сопруга Рада, исто така пензионерка. Без нејзината помош и разбирање, веројатно многу нешта би биле поинакви. Дел од нејзината љубов и помош се содржани во сето она што го создал и го создава и ќе го создава пензионерот, уметникот, создавачот на убавини Миле Топуз.

Оваа убава пензионерска приказна се надевам ќе поттикне многумина, да се разбудат, да се активираат, да станат среќни и задоволни. Да сфатат дека квалитетот на животот во третото доба зависи во многу од самите нив. Дека малите нешта носат радост.

-Па нели никој не се сопнал од планина. Таа се гледа, голема е! Сите се сопнуваме од мали незабележливи препреки и камчиња. Затоа мислете позитивно, бидете весели и ангажирани и животот ќе ви биде поубав, денот нема да ви биде доволно долг за сè она што би сакале и можете да го направите и создадете, - вели Миле. Тоа е единствената точна вистина за животот во било која животна доба.

# ЗАДОЦНЕТО ПРИЗНАНИЕ

Ритамот на чекорите се меша со ритамот на срцето. Во главата измешани мисли, во грлото нешто ја дави, едвај зема здив. Чекори меѓу минувачите, а не ги гледа, не ги забележува. Зошто се согласи да се видат пак? Што ќе си речат? Кон што води сето ова? Очите слепи од спомените и сеќавањата, го ловат во своето видно поле. Се приближуваат еден кон друг. Се намалува растојанието меѓу нив, се намалува растојанието меѓу него и неа, меѓу минатото и сегашноста. Допир на дланките е доказ дека не сонува. Го гледа неговото лице и не може да се начуди. Личи на она лице од соништата, а сепак е поинакво, испишано…Од што? Вакум. Не знае што му се случувало. Не знае од што сè. Од убавини ли се? Лузни ли се од страдање? Само сјајот во неговите очи како да е ист. Сличен на сјајот од ѕвезди во бесоните ноќи. На оние вечери, кога мислеа дека ќе бидат секогаш заедно. Дека дружењето

ја допира бесконечноста. Дека желбите се опредметуваат. А можеби и не било така!

О, боже, колку многу ѝ значеше! Можеби згреши што сето тоа му го покажуваше? Можеби во она што се случуваше меѓу нив требаше да има нитка на тајна, на игра, на непрекидно исчекување и освојување, но таа не ги знаеше тие животни лекции.

-Дојде - ја тргна од размислувањето неговиот глас.

-Па гледаш.

-Дојде ама не си тука. Каде си?

-Во минатото. Се чудам, додека бевме заедно никогаш не зборувавме за иднината. Никогаш ништо не планиравме. Само му се радувавме на она што ни се случуваше. И денес по толку години се прашувам зошто замина? Можеби си велам, затоа што моите чувства немаа магија, таинственост. Сè беше на дланка. Сè беше математички јасно, а ти толку мразеше математика. Ти беше сонувач, нестрплива природа. Нештата многу брзо ти стануваа здодевни, постојано беше во потрага на нешто ново. Или можеби во тој момент јас бев повозрасна, иако бевме врсници. Се прашувам, дали денес од оваа дистанца, ти е јасно, што ми значеше, колку јасни и силни беа моите чувства.

-Нема потреба да се измачуваш. Нели е одговор моето присуство и инсистирање на оваа средба.

-Можеби средбата е резултат на здодевност, на потрага по возбуда. Одамна престанав да верувам во чуда...

-Знам, и имаш право барем што се однесуна за мене. Но средбата ја очекував нестрпливо. Се мешаа стравот и радоста, дали ќе дојдеш. Желбата да те видам беше толку голема, што ми даваше надеж. Сите овие години црпев енергија од нашите заеднички спомени, иако можеби тоа звучи детинесто. Сфатив, но за жал многу доцна, дека само две жени вистински ме сакале. На едната не можам да ѝ возвратам.

И без да сака, рескирајќи макар одговорот пак да ја повреди, пак да боли, прашува кои се.

-Ти и мајка ми, која подоцна жалеше што тогаш ти не ѝ беше доволно добра за нејзиниот син.

-А другите, а онаа што ја одбра за сопатник?

-И таа и сите други што поминаа на некаков начин низ мојот живот бараа секогаш нешто од мене: пари, сигурност, дружење, разонода, задоволства, љубов. Можеби некоја од нив и почувствувала нешто подлабоко кон мене, но.... никој како вас двете. Никој. Не така, не толку.

Милина ѝ ја обзеде душата. Го милува со погледот.

-Фала ти, но зошто не ми го кажа ова толку години. Сè ќе беше поинаку, сè ќе беше полесно ако го знаев ова!

-Сакав, но немав храброст да те сретнам. Се одлучив сега да те сретнам, од повеќе причини. (Се насмевнува). Гледаш, се враќа убиецот на местото на злосторството. За среќа жртвата е жива и здрава. Така сакало да биде. Тогаш други нешта ми беа поважни. Требаше време за да ми станат некои работи јасни. Но, возот замина на друга животна станица. Ти си единственото убаво нешто, покрај децата, што ми го дал

животот. Но, нивната љубов не е несебична и безгранична како што беше твојата и на мајка ми. Мајка ми почина, а денес сите си одат по патишта што не се вкрстуваат со мојот. Сепак, благдарен сум му на животот за сѐ, иако знам дека многу сум грешел. Благодарен сум ти и тебе што дојде, иако не смеам ни да помислам дека сум заслужил да ми простиш за сите солзи што ги пролеа заради мене.

Чекорат еден крај друг, како некогаш. Исто е, ама не е. Меѓу тогаш и сега поминале многу години. А сепак раката во неговата рака преточува радост, задоцнета, ама радост. Радост силна до болка. Дали е ова сакање, посакување или само мал доказ дека среќата е животна искра, импулс што дава самодоверба да се продолжи понатаму. Дека рамната животна линија за миг затреперува.

-Кога би можел, би го вратил времето. Не можам да си простам. Зошто дозволив сето ова да се случи. Те молам, направи остатокот од животот да го чекориме заедно. Згреј ме со твојата безгранична милост. Сподели ја со мене твојата мудрост и добрина. Сакам да ме грее твојата насмевка. Да се огледувам во твојот поглед. Да го пијам првото утринско кафе со тебе. Сега си сама. Ништо не нѐ спречува да бидеме заедно.

-И самиот знаеш дека тоа не е можно од повеќе причини. Пред сѐ, ти не си сам. Можеме само да бидеме верни чувари на спомените. Тие се нишка што и понатаму ќе ги поврзува нашите животи. Сепак, ти благодарам што дојде. Ти благодарам за убавите зборови, за ова неочекувано и задоцнето признание...

# ЗАРОБЕНИК

И денес беше на неговото вообичаено место, во ќошот од ресторанот. Тивка музика се мешаше со шепотот на гостите. Нежна светлина од малите ѕвездести светилки ги обвиваше предметите, ликовите.

Го гледаше него, неговите сини тажни очи. Ѝ се чинеше дека го познава, дека го знае секој трепет на неговите усни, секоја црта на неговото лице, секоја промена на неговиот поглед. На моменти ѝ беше неверојатно близок, на моменти бесконечно далечен. Иако се немаа запознаено, беше безгранично вљубена во него. Затоа и доаѓаше тука. Да бидат заедно. Понекогаш ѝ се чинеше дека и тој се радува на нејзиното присуство. Солзи ѝ навираа во очите кога за миг ќе им се допреше погледот меко и нежно, а тој наеднаш ќе ја свртеше главата со движење кое не можеше да го дешифрира: како да се лути, како да е бесен, како да е тажен, како од сето по малку. Зошто, немо се прашуваше и тогаш и во бессоните ноќи. И беше чудно, зошто таа беше посакувана и почитувана од многумина.

Зошто? Можеби спаѓа во оние типови кои сакаат таа да им пријде. Што се однесува до неа тоа не ѝ беше проблем, но помалку ја плашеше помислата дека неговото однесување ќе ја разочара, ќе ја натажи, ќе ѝ ги земе сите соништа, сите мечтаења. А не сакаше да ги даде. Не сакаше да ѝ направи „ршум во душата.

И така минуваа денови. И секогаш кога ќе дојдеше, тој беше тука. Еднаш ја праша една другарка за него, така како божем е само од обична љубопитност. Кој е, што е? Одговорот беше задоволителен. Студира и е фин и воспитан. Нема девојка. Некое студено чувство ја исполни: зошто? Мирот ѝ се врати, па и таа нема момче. Но вљубена е!

Еден ден кога се враќаше накај дома како да го виде како поминува крај неа со кола, ама беше толку брзо и ненадејно што го препиша на своите желби.

Веќе беше поминало подолго време кога реши: ќе оди на неговата маса и ќе се запознае! Ако не друго ќе станат пријатели. Во крајна линија секој има право на избор и таа и тој. Среќа и задоволство за неа би било ... Од чукањето на срцето и од претпоставената радост ѝ се губеше рационалното расудување.

Стана од столот. Полека тргна кон него. Имаше впечаток дека се движи низ огромен бран кој ја носеше, ја враќаше, но ја држеше цврсто заробена во своите канџи. Во ушите ѝ шумеше. Ударите на срцето фрлаа мали искрички на радост, на извесна неизвесност. Како и да е, бар ќе знам на што сум - си мислеше.

Растојанието меѓу нив се топеше заедно со нејзината храброст. Се исплаши кога во неговите очи забележа паника и страв. Лицето му се прекри со грч.

Седна на столот до него. Нејзината дланка тргна кон неговата која се повлече како исплашена птица.

-Здраво. Јас сум Бојана. Одамна сакав да се запознаеме!

-Зарем не се знаеме! Јас мислев дека се знаеме. –Насмевка тргна да ја брише паниката и стравот. Во очите му светна светлина слична на свеќичка за молитва, на кандилце... Ѐ доаѓаше да му се фрли во прегратка, да го гушне, да го зароби меѓу дланките. Да се скрие под сенката на неговите мили очи, да се смести во неговото срце. Му ја држеше нежно раката и му се насмевнуваше.

-Можеби ти изгледам луда, непристојна, наметлива, но многу си ми драг. Ти си постојан посетител во моите соништа. Секој ден доаѓам за да те видам. Потајно се надевав дека ти ќе го направиш првиот чекор. Но не е важно, па нели сме во дваесет и првиот век.

Ја повлече наеднаш раката. Движењето повеќе наликуваше на бегање, на туркање. Неговите сини очи станаа темно сини, како длабок океан кој крие страшна тајна во длабочините.

-Ништо од сето тоа. Јас не сум слободен.

-Кому му ја дари љубовта? Кој ти го зароби срцето?

-Јас сум заробеник на судбината. Болен сум.

Го гледаше несфаќајќи. Во аголот на окото му се создаде мала бисерна солза која му избега. Не можеше да ја запре.

Седеа така долго во ноќта. Таа ја слушаше приказната на неговото детство, пишувана по разни болници и лекувалишта. Го слушаше крикот на неговата младешка душа неправедно заробена во неговата болест. Некаде по полноќ тој стана од столот. Молчеше, а неговиот поглед лут на животот ја гледаше гневно и како да сакаше да ѝ рече:

-Гледаш ли што ми сторил животот?!

Таа му ја стегна раката, се потпре на него, како да сакаше да му ја подари сета своја сила и сето свое разбирање. Со шумолењето на липите на кејот се мешаше нејзиниот шепот:

-Те сакам, те сакам, те сакам....

По неколку години ги сретнав. Меѓу нив скокаше едно мало девојче, а тој со татковски грижлив глас ѝ велеше:

-Полека, Надичке!

# КАТЕ

Таа беше девојче од осумнаесет години кога му стана сопруга. Беа бесконечно среќни, слични на многу парови на кои им се остварил сонот. Цел свет беше нивни, сè им носеше радост. И сонцето и месечината гледаа иста слика: тие прегрнати.

Се заредија години, слични една на друга со секојдевни случувања, обоени со нивната среќа. Но, од ден на ден почна де се менува сјајот на нивната насмевка.

Минуваа години, детската соба остана празна. Мислата има време, ја заменија со броење на годините. Отчукувањето на биолошкиот часовник им будеше неспокој. Некаква сенка им се вгнезди во очите. Стравот дека нема да им се исполни најголемата желба се зголемуваше, ги притискаше. Откако ги поминаа сите премисли и совети, решија. Решија да си го осмислат животот на начин на кој го правеле тоа многумина и пред нив и по нив. Олеснување и полет им ги исполни

душите. Клопчето на планови за иднината почна да се одмотува. Бран на радост им го исполни домот…

И по многу маки, молби, барања, формалности, докажувања, врски и што уште не, и во нивниот дом се слушна детски плач. Малото сонце во нивната прегратка се викаше Кате. Сознанието дека не е најбитен биолошкиот родител, туку оној кој ќе го одгледа детето ги успокои. Наредните денови беа накитени со розови фустанчиња, кондурчиња и куклички. Ѕвездичките од солзи на детските нежни обравчиња ги бришеа со бакнежи. Ѕвон од детска смеа го исполни нивниот заеднички живот. Бескрајна беше среќата кога ќе ги гушнеа тие две мали рачиња. Милина беше да ја држат во прегратка и да го слушаат малото срценце до своето. Не беа среќни, беае пресреќни. Особено таа мајката!

Минуваа денови, минуваа години, а таа беше преокупирана со детето. Заучи малата Кате, редеше петки, редеше радости.

Но, како и секогаш кога нешто се случува, и таа почна да чувствува некој немир. Студенило како да се створи меѓу неа и него. Како нешто да ги туркаше еден од друг. Сè почесто го немаше за ручек, доцнеше за вечера. Тоа како да беше знак за узбуна. Можно ли е додека таа беше преокупирана со девојчето, нешто да не забележала. Кај неа ли е вината? Дали плаќа за среќата и радоста што ја доби. Што ѝ се случува? Или поточно речено што им се случува?

Се обиде повеќе пати да започне разговор. Не доби одговор на своите сомневања. Напротив. Се

трудеше да ја убеди дека сè е во ред дека, дека сè е само умисла. Дека ништо не се сменило меѓу нив. Но едно беа неговите зборови, а друго беа делата. Претчувството беше силно. Немаше топлина. Го немаше оној флуид кој ги поврзуваше.

Потврдата на нејзиниот сомнеж дојде набргу. Звонењето на телефонот и разговорот што следеше ги потврди стравувањата. Разговорот заврши, а таа сеуште ја држеше слушалката. Пobледе, онеме, се изгуби. Чувството беше слично како да слушнала пресуда за доживотна робија. Се чувствуваше измамена, ограбена. Како да се однесува сега, утре, понатаму…

Го чекаше да си дојде со нетрпение. Денот бавно одминуваше. Стрелката на часовникот како да не се движеше. Кога дојде дома обвинетиот, ништо не негираше. Напротив, потврди дека неговата секретарка е бремена. Дека сака да оформат вистинско семејство Зарем ова нивното не е такво. Зошто?! Затоа ли што Кате е посвоена? При тоа, тој жали, што се испадна вака и понатаму му се драги и таа и детето. Се чувствува поделен, растргнат, но...

Стаписана, разочарана, гневна, лута, го слушаше и не можеше да се начуди. Судбина ли се вика ова, се прашуваше.

Се разбуди утредента со нова мисла, со нов план. Некаква сила и го врати разумот. И реши. Реши да го стори тоа што не сакаше да го направи пред години заради него, заради неговото достоинство. Продолжија да живеат заедно, а одвоено. Сепак сеуште беше тука, со нив.

По неколку месици му подаде лист хартија. Помисли дека е барање за развод. Но, не беше. Гледаше и не можеше да верува. И таа е бремена. Нејзиниот глас го врати во реалноста.

-Да, бремена сум. Нашето семејство ќе се прошири. Желбата на Кате за братче или сестричка ќе се исполни. Ќе ги одгледувам сите: и Кате и моето и твоето.

По пет месеци Кате доби братче, а секретарката си се врати кај поранешниот сопруг. Дилемета кој, каде, со кого, беше решена. Мирот се врати во семејството, барем се трудеа да биде така. Си ветија простување и се однесуваа така затворајќи ја во себе секој својата вистина, својата тајна.

Судбината или животот уште еднаш го зема семејството во својот вртлог. Можеби тоа беше резултат на стресовите, на премрежињата што ги доживееа. Почина таа, по една година и тој. Кате беше пред матура. По втор пет остана сирак, но овој пат не беше сама. Го имаше братчето на кое му ја подари сета своја љубов и грижа.

# ТАА

Се слушна тивко тропање на вратата. Беше толку тивко, што личеше дека пред вратата стои и чука некој кој се премислува дали воопшто да влезе. Потоа вратата се отвори. Во рамката на вратата: таа. Така застаната ѝ заличе на врамена фотографија која одамна ја затурила во некоја фијока и заборавила дека воопшто постои. Косата руса, нешто предолга за нејзините години. Лицето ѝ го прави уште побледо јакиот црвен кармин. Очите крупни, зелени, но без сјај. Ѐ заличува на птица заради истакнатите јаболчни коски на лицето. На птица грабливка. Во розовиот свилен фустан ставата ѝ изгледа како на млада жена со одржана фигура, но впечатокот го расипува вишокот на кожа на голите раце. Тргнува кон неа подавајќи ја раката со долги црвени лакирани нокти. Нејзината подадена рака уште еднаш ја потсетува на птица грабливка.

-Здраво. Како си? – ѝ вели со рапав, под-засипнат глас. Ја гледа, слуша и не ѝ се верува дека таа дошла и стои прд неа. Гласот ѝ трепери како и подадената рака. Можеби и таа има трема и се плаши како ќе помине средбата, но зошто воопшто дошла?!

-Уште ли ми си лута? Можеби и со право, но мораш да сфатиш дека јас не сум виновна, не сум на оној начин на кој ти ги гледаш работите. За сè треба двајца. Еден ништо не може да стори. Мене не ми одеше најдобро факултетот. Моите си заминаа во друг град. Бев сама, млада, желна за живот, разонода, уживање... Пари имав и стан на располагање. Во тие околности влета тој. Од почетокот ми личеше на про-гонето животно. Ти го тераше да учи, неговите исто така. Рестрикции во сè и сешто. Префлања, исто така. Од друга страна беше згоден и фин. Уште повеќе ми импонираше што беше со тебе. Ти во тоа време беше поим за примерна девојка. За тебе ние помладите зборувавме со почит. Ми годеше што тој ми даваше мене предност во однос на другите, на тебе. Мене и на сето она што јас бев готова да му пружам, а ти не. Од почетокот не му беше сеедно. Совеста го мачеше и помислата дека ти нанесува болка. Мислев дека те сожалува, но многу подоцна сфатив дека тоа негово чувство имало друго име. Можеби си мислел дека сето тоа со мене ќе помине, ќе биде само авантура, но работите тргнаа по друг пат. Ти студираше во друг град и тоа уште повеќе одеше во прилог на нашата врска...

Уживавме до безсвест во сè. Ги спојувавме ноќите и деновите. Уживавме во сè она што го нуди

младоста, без никакви ограничувања. Секој ден ста-нувавме сè поблиски, нераздвојни. Одевме на летување, во странство, му купував сè што ќе посакаше. Само понекогаш ќе забележев некоја сенка во веговите очи, некој немир во неговата душа. Иако не сакав да си признаам, знаев дека тоа е заради тебе. И тогаш се опивавме до бесвест, секој заради својата причина. Факултетот го напуштив, решена да се омажам. Случајно или не, мојата бременост забрза сè. Неискрена ќе сум, ако речам дека не знааев дека сèуште не беше те заборавил. Но, како и да е, се венчавме. Моите го прифатија како роден син, но неговите мене не, иако на почетокот личеше дека се задоволни од изборот на нивниот син.

Набргу ни се роди син, а потоа и уште две ќерки. Првите години и не беа така лоши. Ангажирани околу децата и работата, немавме време за анализа на нашите чувства, на нашиот живот. Но, како минуваа годините животот ми стануваше сè полош, да не речам неподнослив. Сè го нервираше, сè нешто не му беше по ќеиф, не му се допаѓаше. За сè бев виновна јас. Знаеше да биде и груб, да не може да се контролира. Сè почесто ми префрлаше дека јас сум виновна што животот му е таков. Ти не го познаваш онаков каков што го запознав јас. А којзнае, можеби ако бил со тебе и не би бил таков. Можеби Господ ме казни што бев причина за вашата разделба. Дури може да се рече дека сум сигурна во тоа. Тој никогаш не престана да мисли на тебе. Дури мислам дека никого не сакал како тебе. Ти беше за него олицетворение на добрина, чистота,

мудрост... Се случуваше да слушнам како се распрашува за тебе. Знаеше сè за тебе. Нема да веруваш, твоите писма од студентските денови уште ги чува. Мислам дека и ги препрочитува. Сето тоа уште повеќе ме повредува, ме понижува. Знам дека кога се разделивте, ти многу страдаше. Дека разделбата со него ти го разниша животот и самодовербата. Но, за среќа ти си силна личност. Не само што се задржа на нозе, туку го продолжи животот со гордо крената глава, достоинствено, - ги реди зборовите брзо во еден здив како да се плаши дека нешто ќе заборави. Или можеби сака да го исфрли товарот што во себе го носела со години...

Ја слуша и не може да верува. Нејзините зборови воопшто не ѝ се некаква сатисфакција. Нејзината исповед не ѝ ја исполнува душата со задоволство. Нејзината исповед ѝ личи на плочка што си го наоѓа местотото во мозаикот на нејзиниот живот. Не знае што да ѝ рече на оваа жена што ѝ го грабна во младоста најдрагото, најубавото нешто што тогаш го имала. Жената заради која пролеа многу солзи, го изгуби мирот и сонот. Со години си мислеше дека таа добила сè, сè она што нејзе ѝ беше свето, но ете изгледа не било баш така...

Една солза ѝ се стркала по образот. Воздишка на олеснување и бледа насмевка ѝ го осветлија ликот на дојденката. Повторно ја подаде раката.

-Дојдов да барам прошка. Болна сум. Веројатно набрзо ќе ме нема. А и да не е така ќе дојдев. Одамна сакав да ти го кажам сето ова.

И наеднаш нејзината рака не ѝ личеше повеќе на канџа од птица грабливка. Ѝ личеше сега  на скршено крило. А таа, таа на уморна ранета птица. Остатоците од омразата и горчината што дотогаш ги чувствуваше, но и ги беше подзаборавила, се претворија во почит. Треба да имаш сила и храброст да го признаеш сето ова. Чувството беше чудно, како некој да ѝ вратил стар заборавен долг. Во тој миг ѝ беше благодарна, иако никогаш не би поверувала дека такво нешто ќе почувствувам за неа.

# РАЗДЕЛБА

Детските рачиња грчевито се држеа за нејзиниот фустан. Липаше малото устенце. Крупни солзи се тркалаа по црномурестите обравчиња. Неговите крупни црни очиња беа уште поголеми, од чудење, од возбуда. Липаше и непрестано повторуваше да го земе и него со неа.

Како да му објасни дека не може, а не дека не сака. Како да му објасни дека законите на неговата татковина не дозволуваат. Како да му објасни дека е сериозно болна. Како да му објасни дека срцето ѝ се кине поради разделбата, а сепак мора да замине. Па тој не може да сфати во каков пекол се наоѓа неговата мајка. Има само седум годинки. Кон неговата сестричка не се ни свртува. Таа е уште помала. Нема ни година. Ѝ се насмевнува. Сините очиња  се како две бесценети камчиња. Светлоока и со светла коса како ќе се справи во земја каде таквите како неа се реткост или воопшто

ги нема. Плескаше со рачињата невешто обидувајќи се да каже збор разбирлив само за неа.

Малиот сè повеќе се турка во неа. Плаче, заоѓа. Што ѝ требаше сето ова? Кај ѝ беше паметот? Како не се сети тогаш, на почетокот дека нејзината врска може да има и лош крај?

Сè беше убаво дотогаш. Дружење, прегратки, внимание… Сè она што ѝ недостасуваше по разводот во нејзината земја. А и детето го прифати како свое. Се шетаа по земјата на фараоните. Се восхитуваше од убавините на пирамидите, од пространите мориња од златен песок. Тој беше човек од нејзините соништа. Се разбираа за сè и без зборови. Не ѝ пречеше што мораше да носи шамија. Што мораше да ги почитува нивните обичаи. Што никаде не можеше да оди без придружба. Осумте години поминати заедно беа осум години исполнети со љубов и убавина. Двете деца беа плод на таа љубов. Но, секогаш има едно но. Некој рекол дека големата љубов кусо трае, како и сè што е убаво. Не згрешил. Болеста се надвисна над нивната среќа. Требаше сè повеќе пари, а ги имаше сè помалку.
Единствено решение беше да се врати во својата земја каде лекувањето е бесплатно. Тој не се сложуваше. Во арапскиот свет не се пушта жена да си оди туку така. За децата да заминат не станиваше воопшто збор, а и да дозволуваше законот не беше ни самата во можност да ги земе. Беше болна, а за тоа  требаше сретства за опстанок. Ја колнеше судбината и се прашуваше што му сторила на Господ, што му згрешила. Одговор беше

само плачот на детето што ѝ го тргаше фустанот, уморно и изнемоштено од плачење.

Ги откачи неговите рачиња. Не го гушна, не го бакна. Ни едното, ни другото. Немаше сила. Ако го стореше тоа нема да можеше да замине. Ќе се струполеше и тоа ќе ѝ беше крајот. Подобро да оздрави и да им се врати жива и здрава. Тргна кон таксито. По неа трчаше нејзиното дете од првиот брак.

Во таксито и двајцата плачеа, сè до аеродромот. Се чудеше возачот од каде им се толку солзи. Зошто плачат, а ќе патуваат. Па тој кога би можел да полета би пеел. Секој си ја знае својата мака.

Трчаше кон авионот, а во ушите сèуште го слушаше плачењто на децата што ги остави. Дали ќе ги види пак? Ќе има ли сила да ја победи болеста и да се врати и повторно да ги прегрне. Ќе има ли можност и прилика да им објасни зошто ги остави кога им беше најпотребна? Ќе ѝ простат ли? Ќе ја разберат ли? Кој ќе ги гали во меѓувреме? Кој ќе ги теши кога се тажни и болни? Срцето ѝ се кинеше, но немаше друго решение. Ќе се вратам, си ветуваше, се тешеше самата. Детето до неа ѝ ја стегаше раката како да сакаше да ѝ даде до знаење дека и тоа постои. Авионот се крена. Прашањата и останаа неодгворени во душата.

Разделбата траеше десет години.

...Се симна од авионот. Тргна кон аеродромската зграда. Во толпата луѓе бараше дел од себе, ги бараше своите рожби. Гледаше, а сè ѝ се вртеше. Рингишпил на животот. Сликите од денот кога ги остави, со сликите кои ги сонуваше со години. Ѝ се мешаа, исчезнуваа и

пак ѝ се појавуваа. По што ќе ги познае, се прашуваше? Десет години не се малку! Тој сега има седумнаесет, а таа десет. Срцето силно ѝ чукаше. Ѝ ѕунеше во ушите. Очите полни со солзи матно ги гледаа ликовите пред неа. Ги бараше и наеднаш здогледа две силуети. Тој висок црномурест. Кадрите му паѓаа на високото убаво чело. До него две сини ѕвездички сред белото лиценце забрадено со розова шамија. Едно издајничко златно перче избегало од заробеништво на марамата. Се држеа за рака. Поточно тој ја стегаше детската рака на својата сестричка како да сакаше да ја заштити од љубопитните минувачи, од животот. Немаше сомнение, тоа беа нејзините деца, нејзините оставени рожби. Таа им се приближуваше, а тие стоеја скаменети. Дали од среќа, дали од радост, дали од возбуда. Нозете како да ѝ беа од олово. Ѝ се чинеше дека растојанието меѓу нив никогаш нема да го помине. И наеднаш нивните три тела се измешаа. Сите тројца плачеа и молчеа. Се измеша вкусот на нивните солзи. Ги гушкаше силно, силно, како да сакаше да им ја пренесе силината на болката поради разделбата. Насолзените детски очи ја гледаа својата мајка, со желба прегратката да трае бесконечно.

Зад нив подалеку на неколку чекори, стоеше тој, таа и нивниот мал син. Тргнаа сите тројца кон нив. Ѝ ја подаде раката заблагодарувајќи ѝ се на нејзиниот јазик: на арапски. Ѝ беше благодарна за грижата околу нејзините деца. Таа ги роди, но оваа жена ги одгледа. Се поздрави и со него. Не му се лутеше. Така сакало да биде, а и радоста заради средбата посебно со децата,

беше преголема. Десет години е долг период, а и нивните закони дозволуваат повеќе жени. Детето меѓу нив беше на возраст на која го остави својот син тогаш. Му пријде да го погали. Тоа не знаејќи што да прави и како да прави, збунето од толку солзи и прегратки ѝ рече исто што и неговиот постар брат:

-Здраво мамо, и сите се насмеаја.

Вечерта на широкиот кревет гушнати лежеа сите тројца. Наеднаш вратата се отвори и се појави љубопитно главче. Неговите очиња како да прашуваа:

-А јас, што да правам јас сега сам?

Таа потстана и го повика да дојде и тој на креветот. Нејзиното мајчинско срце го враќаше долгот.

# ТЕ ЉУБАМ, ЛИДИЈА

Седеше на креветот во полулежечка положба. Иако беше кон крајот на шестатта деценија сѐуште добро изгледаше. Русата коса прошарана со побелени сребрени прамени ѝ даваше нежен сјај на лицето. Сините очи сѐуште ѝ беа ведри и бистри и покрај тмурната атмосфера во собата. Осум железни кревети на бетонскиот под. Неколку стола и уште осум метални орманчиња. На прозорецот решетки. Зошто?! Па и да ги пуштат да излезат немаше каде да одат. Ни таа, ни Невена, ни Петра, ни Асибе, ни Ратка...Сите беа тука затоа што мораше да бидат тука. И воопшто не беше битно, која колку години има, од каде е, од која вера е! Сите веруваа во иста вера да им биде здравјето подобро. Сите се молеа со иста молитва и на ист Господ...

Лидија е тука веќе четврта година. Понекогаш навистина не ѝ беше добро. Ѝ се мотаа црни мисли во главата. Пропаѓаше во бездна. Ѝ се плачеше. Беше

лута на сè и на секого. Но, тоа се случуваше само кога ќе почнеше да размислува за годините што пролетаа. Колку му се радуваше на животот како средношколка, и потоа кога се запиша на факултет. И кога дипломираше. Сè се преврте кога се скараа.  Мислеше дека тоа е крај на светот. Со денови со никого не зборуваше. Беше како робот. Ништо не допираше до неа...

Потоа се заредија годините. Осаменоста ѝ стана сопатничка. А, зошто?! Беше и убава и умна и образована. Но, таа сепак живееше сама, со скаменето срце и душа. Како да изгуби доверба во луѓето, во животот, во сè. Потоа починаа родителите. Кариерата и работата беа замена за сопствен живот, сопствен дом, детска смеа, нечија топла предгратка...

Сè до сообраќајната несреќа. Со денови беше во некоја чудна состојба: ни жива ни мртва. Во таа состојба дури и убаво се чувствуваше, заштитена од животните случувања.

Потоа ја донесоа тука. Не се бунеше, ѝ беше сèедно каде живее, со кого, како... Сè до пред неколку месеци.

Кога и да илезеше во дворот ќе го видеше него како стои на ограда и ја гледа. Ја гледа толку продорно како да ѝ ја гледа и анализира душата. Отпрвин сето тоа ѝ беше мошне непријатно. Дури и ја лутеше. Потоа како да свикна на неговото присуство. Тој во неговиот круг, таа во својот. Таа седеше на клупата со цигарата во уста, сè додека жарчето од цигарата не светнуваше посилно без сјајот на сонцето кое заминуваше. Неколкупати го погледна. Скришно и тајно како тинеј-

ѕерка. Беше постар од неа. Висок, строен, со интелегентни црти на обраснатото со брада лице., секогаш уреден и за болнички прилики дотеран. Еден ден додека беа на нивниот чуден и необичен „состанок“ ѝ пријде болничарката.

-Со денови ве набљудувам. Имам впечаток дека тој е вљубен во тебе, Лидија. Лекарката од машкиот одел ми кажа дека е архитект, кој скршнал од животниот пат кога му загинале жената и децата. Долго не излегувал од болничката соба. Постојано молчел и конструирал згради. И сега цртал, но на влезовите од новите згради го црта твојот лик.

-Глупости. Немате друга работа и измислувате приказни. Прво и прво јас сум средовечна жена. Тој е уште постар. И двајцата сме болни. Оставете нè на мира, ве молам. Бавете се со она за што сте платени.

Но, состаноците продолжија. Кога да илезеше од својата соба во дворот, тој стоеше на плетената од жица ограда, со очите вперени кон вратата на која очекуваше да се појави Лидија. Кога ќе ја видеше срцето за миг посилно ќе му затрепереше и продолжуваше да ја гледа. Нешто се случуваше. Тој престана да бара големи количини седативи, а Лидија пред да илезеше ќе се ѕирнеше во стаклото од вратата за да види како изгледа. Тоа не го правела со години. Дури беше заборавила и како изгледа.

И сега седеше на клупата. Пушеше и гледаше некаде во далечината, но наместо празнина го здогледа неговиот лик. Се стемнуваше. Сенките стануваа подолги, по искривени... Ветерот шушкаше. Во дворот беа

сами, а просторот меѓу нив го делеше оградата од жица. Првпат му го слушна гласот:

-Лидија. – Тоа беше само еден изговорен збор кој содржеше огромно количество емоции. Тивко изговорен збор кој ѝ ѕунеше во ушите како ѕвоно. Што се случува?! Пак ли ѝ се враќаат кошмарите. „Господи, помогни ми", безгласно се молеше.

-Лидија - како ехо повторно си го слушна името. Како некоја невидлива сила да ја крена од клупата. Тргна кон оградата од жица. Низ малите отвори во оградата им се допреа дланките. Затрепери секое нејзино делче. Се почувствува лесна како облачето кое заминуваше на хоризонтот. И сè стана црвено. Црвено како нејзината радост. Во главата слушна силен тресок. Како нешто да експлодира.

-Едвај дочекав да те видам, да се појавиш. - беше последното што го слушна и се струполи крај оградата во бессознание. Удри на тврдото дно од бездната. Пропадна. Дијагнозата на дежурниот лекар беше: масивен инфаркт.

# РОСА СТАНА ПОПАДИЈА

Чекореше поп Алексо по селската калдрма, замислен и тажен. Што да стори? Годините беа му се наредиле на грбот како бројаниците кои ги држеше веќе во остарената рака. Кога човек ќе размисли седумдесет години се еден долг изоден животен пат. Што да прави? По којзнае кој пат си го поставуваше истото прашање на кое сѐуште не му го знаеше одговорот.

Пред една година му почина попадијата. Кога ќе го врати назад часовникот на времето, со неа помина доста години. Не беа тоа години на живот каков што посакуваше во младоста, но...

Сето тоа, сите тогашни случувања, сега му се чинеа како да биле многу, многу одамна.

Ја сакаше Роса. Со мислите за неа легнуваше, со мислите за неа стануваше. Роса беше како капка роса. Убава и нежна како росно цвеќе. Но, Роса беше сираче. Беше многу сиромашна. Посиромашна здравје! Живееше кај едни далечни роднини и за парчето леб

што ѝ го даваа  работеше сè и сешто. Но, не се жалеше. Го сфаќаше животот како нешто што така мора да биде, како судбина од која нема бегање. Алексо пак беше дете од имотна фамилија. Изучи за поп и во селото се врати како некој кој има високо место во тогашниот поредок.

И сè ќе беше арно и убаво, ако постојано не ги слушаше мајка му и татко му: ајде жени се, време ти е.

Како да се жени и за која. Тој ја сакаше Роса, за која неговите не сакаа ни да чујат. Не мислеа дека девојката е лоша, но не беше по нивна мерка. Не беше Роса за невеста на нивниот син, не беше Роса за попадија. Минуваа денови кои попчето Алексо ги крадеше од животот, среќавајќи се и милувајќи се со Роса.

Роса не беше учена, но беше многу умна девојка. Ноќе будна размислуваше што да стори за да му ја олесни работата на Алексо. Како и секогаш за себе и за својата судбина не ѝ беше важно.

Еден ден ја снема Роса од селото. Сите се прашуваа каде е, каде отишла, но никој не знаеше да каже каде е. Минуваа денови. Глас од никаде. И така попчето Алексо се реши и се ожени со девојка што му ја најдоа родителите. Беше рамнодушен и незаинтересиран. Кога не е Роса, може да биде било која. Попадијата не беше лоша. Беше внимателна и коректана кон него, иако многупати ќе забележеше некаква отсутност помешана со тага во неговите очи. Не му префрлаше. И таа имаше слушнато за неговата голема љубов, за Роса.

Годините минуваа. И попот и попадијата веќе беа во поодминати години. Пред една година попадијата почина...

Чекореше поп Алексо по патот и си рече: ќе ја најдам Роса. Ќе ја најдам каде и да е. И почна да ѝ ја бара трагата. Разбра дека живее во град доста оддалечен од нивното село. Ќе ѝ прати абер. Реши и стори.

Роса, сега веќе средовечна жена го доби писмото од Алексо. Го држеше во рацете и не ѝ се веруваше. Писмо од Алексо. Што му текнало на неа по толку години! Таа си мислеше дека веќе ја заборавил. Барем се надеваше дека е така, поради неговиот спокој и мир во неговото семејство. Го отвори писмото. Во него имаше напишано само една единствена реченица: Ако можеш и ако сакаш, дојди.

Што му е? Да не е болен, па бара прошка? Роса знеше сè за неговиот живот. Понекогаш ѝ беше жал што не се заедно, но никогаш не се покаја за одлуката што ја донесе пред многу години. Никогаш и не му се налути, зашто и таа сметаше дека сиромашно сираче не е за попадија. Што да прави? Во моментот живееше со синот и снаата од човекот за кој се омажи на стари години. Не ѝ беа рода, но ја почитуваа и се однесуваа кон неа пријателски и коректно. Дали да се врати во селото? Дали да се обиде да побара од Господ нешто за кое досега сметаше дека не е за неа, дека не го заслужува? Да оди и да го види Алексо, кој со години го сонуваше, кој никогаш не го заборави. Што ако ја праша да му биде попадија? Срцето ѝ затрепери. Господи,

зарем и тоа може да се случи! Одмавна со главата и се прекори самата себе. Будала беше, будала си остана!

Стаса второ писмо во кое Алексо ја викаше да дојде и да му биде домаќинка. Роса се расплака и си рече. Ќе одам, само многу арно, велат не е на арно. Веројатно моето арно се собирало со години по малку.....

И стана попадија!

# ПЕТРА И УЧИТЕЛОТ

Живееше на крајот на улицата. Откако почина мајка ѝ, се беше врз нејзините нејаки плеќи. И чистењето и готвењето и грижата за татко ѝ, и браќата. Згора на тоа немаштината го правеше животот уште потежок, потажен, потмурен... Единствена разонода, единствен зрак на нешто светло и убаво беа седенките на оградата од црквениот двор со учителот.

Нивните разговори и беа толку пријатни. И носеа радост. Едвај чекаше да го види од пенчерето и веднаш ќе се спастреше на брзина, ќе се ѕирнеше во огледалото закачено на вратата и со брзање ќе отидеше кај него. Можеби беше вистина, а можеби само така ѝ се чинеше како и тој да се радуваше на нивните средби. Понекогаш ќе ѝ донесеше некоја книга. Понекогаш кога случајно ќе им се допреа рацете или нежно ќе ѝ го тргнеше праменот коса од челото, некаква милина ѝ ја исполнуваше душата која ѝ даваше сила за сите напорни работи кои ја чекаа дома.

Таа година, во нивното соседство се досели едно момче кое честопати наоѓаше причина да започе разговор со Петра. Ако немаша што да ја праша, ќе застанеше на оградата од кривите штици кои секој миг можеше да станат куп дрва за греење, за кои Петра си мислеше дека добро би им дошле во деновите кога печката беше студена.

Тој ден што туку беше дошла пролетта. Дворот полн со цвеќиња беше исполнет со некаква волшебност. Сè ѕунеше и мирисаше на возбуда, на будење.

-Петра, како си? Имаш ли малку време? Сакам нешто да те прашам. Со денови собирам храброст и неможам да се пофалам дека ја собрав. Всушност како што и самата си забележала, јас и не сум некој фраер по кој трчаат сите девојки. Скромен сум и срамежлив, но...Петра многу ми се бендисуваш. Ако и јас тебе барем малку сум ти драг, омажи се за мене. Ти ветувам убав и спокоен живот. Имам стара мајка со неа ќе живееме.

Петра се стаписа. Што да му одговори? Па она го сака учителот. За него мечтае. За него беа сите нејзини соништа.

-Петра, не мораш веднаш да ми одговориш, но уште две недели сум тука и потоа ќе си заминам. Работата за која бев дојден, ја завршив.

Едвај чекаше да се смрачи и да се сретне со него, со учителот. Ќе му раскаже за понудата и слатко ќе се изнасмеат. Но дали ќе дојде?

Кога го виде како седи на оградата срцето ќе ѝ излезеше. Истрча од дома и со трчаница се упати кон црквената одграда, кон него. И без да биде свесна што прави му се фрли во прегратка. Тој стана и ја одвои од себе.

-Што е, што се случило?

-Смешки. Замисли, комшијата денес ми предложи брак! Колку е глупав. Божем тоа било така. Омажи се за мене.

-Зошто? Па тој е пристојно и умно момче. Ќе ти биде добар сопруг. Впрочем за тоа јас и тој разговаравме пред некој ден. Ме праша каква е нашата врска.

-И ти што му рече?

-Му реков дека ти си ми најдобрата другарка. Дека многу те сакам, ама не како девојка, туку како сестра!

-Така ли?! А јас глупачка мислев дека ме сакаш. Дека сум ти мила!

-Па точно е тоа, ама сепак е малку поинаку. За тебе би го дал животот. Ти си ми најдрагото нешто, но... ги пружи дланките и ѝ го погали лицето. Нежно и со такво внимание како да сакаше да ја запамети секоја црта, секоја кривина, сѐ. Нејзините солзи му ги навлажнија дланките. Го заболе срцето, како лут отров на отворена рана.

Таа се отргна од него и со трчање се изгуби во ноќта. Ноќта ја помина во плачење. Си даде збор дека нема повеќе да го види. По неколку дена разбра дека учителот си заминал да биде учител во друг град, а таа

се омажи за комшијата, од инат, од разочарување, но и да избега од сиромаштијата.

Долги години не слушна ништо за него. Понекогаш кога нејзините деца ќе ѝ кажуваа за случките од училиште што рекол например учителот, ќе се сетеше на него, но ќе одмавнеше со главата како да сака да избрка лоши мисли, мисли кои сведочат за нејзината наивност и глупост.

Тој ден Петра дојде во својот град. Со синот шетаа по улиците. Му раскажуваше за градот за минатото. Поминаа и покрај црквата. Некогашнта ограда беше обновена, црковниот двор поплочен. Многу работи беа изменети. Во тој момент забележа како кон неа доаѓа учителот со една негова роднина.

-Петра, како си? Од кога не сме се сретнале?

Петра не ја слушаше. Вчудоневидена гледаше во човекот пред себе. Во учителот. Во неговите очи со широко отворени зеници кои не гледаа во неа, туку низ неа. Во рацете држеше бел стап.  Ги пружи рацете кон неа, кон нејзиното лице. Помина по него со дланките исто како тогаш пред многу години, и прошепоти.

-Прости ми. Те сакав толку многу, што не сакав да те повлечам во темнината со себе. Знаев дека ова ме чека, - неговите безживотни очи беа полни со солзи.

Петра целата треперешe, од средбата, од сознанието, но реши да биде храбра, дДа му биде достојна.

-Убаво што се сретнавме. Како си? Како живееш? Што правиш?

-Работам во едно училиште како учител на деца со оштетен вид. Добар сум. А ти?

-И јас сум добра. Ова е мојот син. Запознајте се. Тој ги пружи рацете кон момчето, со дланките помина по неговото лице и прошепоти:

-Личи на тебе.

# СРЕДБА

Зошто таква возбуда, кога тоа беше многу одамна. Пред цели шеесет години. Дали се изменил? Дали ќе го препознае? Дали тој ќе ја препознае? Рој прашања на кои не им го знаеше одговорот. Измешани чувства. Носталгија по минатото, некакви траги од чувствата на вљубена средношколка и возбуда на припадничка на третото доба. Гледа и не ѝ се верува. Стои и ја чека на договореното место. Ист е и не е. Шеесет години е долго време. Годините си го направиле своето. Само уште неколку чекори ги дели еден од друг. Има впечаток дека тој ја препозна, или можеби само така се однесува за да не ја разочара дека се изменила, остарела, побелела... Ја подава раката да се поздрават. Во исто време и двајцата велат:

-Како си? – ѝ се обраќа со прекарот со кој ѝ се обраќаше тогаш. Значи сепак останало нешто за неа во неговите сеќавањата. Интересно: сознанието ѝ годи, дури и ја радува!

Влегуваат во кафулето. Го гледа и не ѝ се верува. Како да се вратиле во минатото, во времето кога беа добри другари и другаруваа. Кога со часови го слушаше како ѝ раскажува за девојчето кое му се допаѓа, а таа стрпливо го слушаше по цена да биде со него, крај него, дел од неговиот живот... Седат и разговараат. И сега, како и тогаш, повеќе зборува тој. Ѝ раскажува за изминатите години, за сопругата, за децата, за внуците... Си вели: исто како некогаш. Напнатоста и неизвеснота попушта...Чудно. Многу нешта би сакала да му каже, да го праша. Се насобрало со годините. Сеќавањата навираат и кај двајцата. Се сеќаваат на другарите и другарките од тоа време. Кој беше со кого. Кој кому му беше симпатија. Кој кого го „сакаше“.

-Знаеш јас... ти ми беше... - Не ја завршува реченицата зашто тој вели: знам!

Зарем?! Па никогаш не покажа дека знае. Зошто тогаш постојано ѝ кажуваше за неговите чувства кон девојчето што му беше симпатија? Зарем не бил свесен дека ѝ нанесуваше болка? Како да го дознае одговорот. Не дека нешто ќе се смени во нивните животи. Едноставно: љубопитност или желба да дознае дали дел од нејзините соништа има поткрепа. Нема одговор.

-Го чувам уште подарокот што ми го подари пред многу години, за мојот дваесетти роденден - ѝ вели со некаква гордост која ѝ заличува на фалба. Зачудена е, но не се осмелува да го праша: зошто? Се плаши дека можеби одговорот нема да ѝ се допадне, дека не е онаков каков што би сакала да е.

-Таков сум, се врзувам за предметите што ми се драги! Рече ли „драги“ или така ѝ се стори зашто тој збор го посакуваше во одговорот?!

-Така ли? – И додека го гледа ѝ се јавува желба да го гушне, да си ја исполни подзаборавената желба од пред многу, многу години. Не се осмелуваше тоа да го стори ни тогаш, а еве ни сега! Му ја стега раката во знак на благодарност, свесна дека можел и да го фрли илјада пати. Тој продолжува нешто да ѝ раскажува, а таа речиси и не го слуша, изненадена од сознанието.

Наеднаш почнува силно да врне. Според индиски верувања тоа е убав знак. Боговите се радуваат и праќаат абер за нешто убаво. Единствено што слуша и разбира освен удирањето на крупните дождовни капки е дека и понатаму ѝ се обраќа со прекарот со кој ѝ се обраќаше некогаш само тој.

-За неколку дена ти е роденден - му вели.

-Да. Зарем го паметиш мојот роденден!? - Изненадување и некаков триумф гледа во неговите очи.

-Го паметам, а ти донесов и подарок. - Во гласот ѝ се чувствува младешка срамежливост иако е далеку од младоста. Одвиткува стара тетратка со дебели корици какви што беа многу ретки во тоа време, а во која некогаш ги чуваше и запишуваше своите тајни.

Тој со чудење и љубопитност ја отвора тетратката на обележаната страна и почнува да чита...

Додека чита се насмевнува, а таа се чувствува како да има 17, а не 77 години!

# ЕЛЕНЧЕ И НЕЈЗИНИТЕ БАБИ

Во тоа време многу работи беа поинакви. Во тоа време и луѓето беа поинакви... но во многу нешта беа и исти како сега, а можеби беа и подобри и похумани...

На крајот од нашата улица имаше дуќан со два излога и пред секој од нив три-четири скалила. На тие скали секоја вечер се собиравме девојчињата и момчињата од нашата улица и седевме до доцна во ноќта. Машките пред едниот излог, девојчињата пред другиот. Честопати со нас доаѓаше да седи едно девојче на петшеснаесет години кое не живееше во нашата улица. Беше доста висока за своите години, со крупни сини очи и коса потстрижена како машко. Секогаш носеше панталони и некои големи џемпери во кои како да беше изгубена. Никој не ја прашуваше зошто доаѓа, ниту пак таа кажуваше. Ретко ќе кажеше некоја реченица, а се смееше толку мило, што не можеше човек да не ја сака. Да, другарувавме со неа, иако не беше „наша“...

Едно време почна да се шушка дека таа доаѓа кај нас заради Петар, најубавото и најбезобразното момче од нашата улица. Беше убав, но беше дрзок и невоспитан. Ние девојчињата од нашата улица не му придававме посебна важност, дури може да се рече и го одбегнувавме, а беше и нешто постар од нас.

Минуваа денови, почна да студи, па поради тоа се поретко се собиравме на скалилата. Девојчето кое доаѓаше да седи со нас честопати ќе го видев како поминува низ нашата улица, но ми изгледаше некако тажна, замислена, нервозна...

Зимата дојде, улицата побеле, стегна студ. Речиси и не се гледавме со другарките...

Потоа, дојде и пролетта. Едно сончево утро се сретнав со некои од другарките и од нив слушнав за мене во тоа време страшна вест: чудното девојче со големите џемпери и крупните сини очи, со најубавата насмевка, родило дете! Мајка ѝ толку била лута што ја избркала од дома.

Втората вест беше уште почудна: таа и бебето биле однесени и сместени во старскиот дом што се наоѓаше две улици подолу.

Водени од љубопитност со една моја другарка на другиот ден  отидовме во старскиот дом. Глетката беше многу необична и интересна. Еден куп баби беа растрчани околу бебето. Едни го капеа, други го облекуваа, трети переа пелени, подготвуваа некави чајчиња... Мајката-девојче опкружена со огромна љубов и внимание беше си ја вратила убавата насмевка на сè уште детското лице.

Бебето доби име Еленче. Колку убава беше Еленче знае само тој што ја видел. Воопшто не плачеше, на сите им се насмевнуваше, а на бабите посебно. Можеби затоа што ни за миг не беше оставена сама. Одеше од раце в раце, како штафетата што ја носевме за 25 мај.

Убаво ѝ беше на Еленче со толку баби кои како да се натпреваруваа која повеќе да ѝ угоди или нешто да ѝ даде за да ја израдува и неа и мајка ѝ...

Бидејќи деновите беа се потопли, се случуваше, мајка ѝ Еленче да ја донесе навечер со себе на скалите. И тогаш истата „песна“. Секоја од нас сакаше да ја подржи, да ја изгушка... Но, некогаш се случуваше таа да седне и кај момчињата заедно со Еленче. И тогаш се повторуваше истото. И тие си играа со неа, ја држеа и ја милуваа. Момчето за кое се шепотеше дека ѝ е татко на Еленче во меѓувреме се исели од нашиот град.

Годините минуваа. Еленче стана прекрасно девојче со руси кадрави коси и сини очи исти како на мајка ѝ, со која и понатаму живееше во старскиот дом. Во тоа време многу млади луѓе заминаа на привремена работа во Германија. За Германија замина и мајка ѝ на Еленче, а таа остана да живее во старскиот дом со своите баби.

Во меѓувреме јас заминав на студии во друг град. Од моите дознав дека по извесно време по Еленче дошла мајка ѝ и ја зела со себе во Германија. И уште нешто дознав: за секој празник бабите од домот добивале пакети со подароци. Така било и кога доаѓале двете од Германија. Секогаш, за секоја баба имало по нешто...

2012 година од Европската унија беше прогласена за година на меѓугенерациска солидарност и соработка. За каква солидарност и соработка не учи Европа?! Па тоа го имало на овие простори отсекогаш. Мојата приказна е само еден од многуте примери!

# ПРОСТИ МИ

„Чудни се божјите патеки“. Рекол некој и не згрешил.

Беше млада, убава и безгрижна. Ѝ се чинеше дека целиот свет е во нејзини раце. Студираше тоа што сака, одеше каде што сака, се облекуваше во тоа во тоа што сака. Само не смееше да го сака тој што го сакаше. Зошто?! Често си го поставуваше тоа прашање, а одговорот на родителите како ехо и одѕвонуваше во ушите: „Не е за тебе!“

Кој може друг да знае кој е за неа, а кој не е, освен нејзиното срце. Го сакаше бесконечно. Го сакаше повеќе од сè. Имаше чувство дека без него сè е бесмислено, без вредно. Само тој ѝ го полнеше срцето со невидена радост. Само неговиот допир ѝ ја грееше душата. Кога беше со него ништо друго не ѝ беше важно. Ништо друго не постоеше: ни другарките, ни пријателките, ни брат ѝ, ни сетра ѝ, ни родителите... Само со баба ѝ разговараше за него:

-Те разбирам чедо и те жалам. Низ истото поминав и јас. Го сакав книжарот што имаше дуќан на ќошот од нашата улица. Ама татко ми не сакаше да чуе за него. Ми велеше: „Книги не се јадат. Месо се јаде." Му реков: или тој или не се мажам никогаш. Арно ама зад мене четири сетри и еден брат. Сите чекаат јас да се омажам. Така беше тоа тогаш. Видов не видов, се омажив за Иљо касапот. Рака на срце, беше поубав од книжарот, висок строен, зеленоок, ама не знеше добро да чита и да пишува. Учел само до трето одделение. Потоа дојдоа децата и животот си продолжи да си тече. Никогаш не ми перече, ниту го повиси гласот. Мислам дека знаеше дека никогаш не го засакав...

И сега додека седеше покрај одарот на својот починат сопруг како да го слушаше гласот на баба ѝ: „Маж може секој да ти биде, ама мајка и татко не. Кога ти велат дека не е за тебе сигурно нешто знаат. Никој не сака детето да му е несреќно!"

Го гледаше дрвениот сандак украсен со издлабени шарки и цветови и не ѝ се веруваше дека во него е нејзиниот сопатник со кој помина повеќе од педесет години. Солзите несопирливо ѝ се слеваа по лицето, а болка ја стегаше во градите. Кој би рекол дека нејзината животна приказна вака ќе заврши. Дека волку ќе жали по човекот кој никогаш не ѝ стана драг како оној за кого не ѝ дозволуваа да го сака. Се омажи за него бидејќи беше осамена. Се омажи за него бидејќи нејзиниот „сакан" засака друга и се ожени за неа без око да му трепне. Таа била поубава, побогата...

По извесно време увиде дека тенка е цртата меѓу држење за рака со тој што го љубиш и сигурниот стисок на раката на тој што тебе те сака. Како минуваа годините научи дека меѓу страста и сигурноста има разлика, но предноста ја има второто. Научи дека бакнежите не се договори за среќа, и почна својот пораз да го прифаќа со кренатa глава и отворени очи како возрасен човек, а не како разгалено дете. Научи дека во градењето на својот живот мораш да учествуваш сам и дека и на сонцето ако му се доближиш премногу, може да те изгори. Научи дека многу нешта може да издржи, дека е силна и дека вреди, докажувајќи се и како мајка и како лекар.

Се омажи за Јован бидејќи беше толку внимателен кон неа. Секогаш беше тука да ја израдува со нешто. Неговото рамо беше веднаш до нејзиното. Неговата рака беше секогаш подготвена да ѝ помогне. Беше тука да ја замени кога децата беа болни, да ја посоветува, да го префрли товарот од нејзините плеќи врз своите. Тивок и не наметлив полн со разбирање. Беше со него, а беше слободна како птица. Со Јован животот беше многу поинаков. Без нервоза и кавга, без префрлања и расправии, но честопати си помислуваше дека деновите се еднолични, без возбуда, без трепет...

И сега додека стоеше покрај неговиот одар си префрлуваше себе си за годините во кои никогаш не беше кон него таква каква што би требало да биде, таква каква што тој заслужуваше таа да биде. Многу повеќе земаше отколку што даваше. Честопати беше дури и себична. Секогаш си беше таа во прв план.

Секогаш гледаше нејзе да ѝ биде добро. Како да сакаше да наплати за она што ѝ се случи во младоста, но Јован воопшто не беше виновен за тоа. Тој заслужуваше да биде сакан, да биде почитуван. Да, го почитуваше, но тоа не беше љубов. Тоа беше нешто сосема друго. На моменти сметаше дека тој сето тоа го знае. Се срамеше од себе. Голем грев носеше на душата.

Стана мешаница. Погребната церемонија завршуваше. Се доближи до сандакот. Со растреперената рака го допре нежно студеното дрво и тивко прошепоти: прости ми!

# ЦВЕЌАРКАТА

Речиси, секој ден, ја гледам седната пред продавницата од која обично пазарам. Така е и денес иако е веќе студено. Облекла потопло палто, а килимчето на кое седи е исто така, подебело. Крај неа бастумчето. Со огрубената рака од работа, но и од годините, нежно ги реди, ги поместува, чиниш ги милува малите хризантеми посадени во канчиња од кисело млеко. Ја гледам: лицето ѝ е набрано, потемнето, не можам да ѝ ги одредам годините. Само очите ѝ се сјајни, некако весели...

-Добар ден. Како си? Како оди бизнисот? Денес продаваш хризантеми. Нив ли им дојде редот?

-Да. Есен е, зимата е на прагот. Уште некој ден и нема да излегувам. Ќе се дружам со цвеќињата дома. Здравје боже, ако сум жива, ќе излезам овде со првите кокичиња кои ќе никнат во мојот двор!

Ѝ подавам дваесет денари, а таа ми дава едно од нејзините „производи“.

-Не сакам цвеќе, така ти ги давам.

-Зошто? Па јас не просам. Продавам, - се чувствува лутина и навреда во нејзиниот глас.

-Добро, добро, ќе го земам и ќе го подарам некому, бидејќи долго ќе сум отсутна, - се обидувам да се извлечам од непријатноста и го продолжувам разговорот со цвеќарката.

-Има ли заработка?

-Има, има. Не е многу, ама си ја надополнувам пензијата. Си купувам ѓеврек, кисело млеко, а кога ќе го изедам за амбалажа, - се насмевнува, а и мене ми олеснува бидејќи напнатоста попушта.

-Па, како се справуваш со сето тоа? Како ги одгледуваш цвеќињата? Кој ти помага?

-Мислиш што едната нога не ми функционира, што сум инвалид? Ги одгледувам седејќи, а ми помага и бастумчето. Проблем ми е како да ги донесам до тука, но сите ми помагаат. Ќе излезам пред порта и првиот што ќе помине ми помага. За назад ако не најдам кој да ми помогне ги подарувам. Има луѓе што би ги купиле, ама немаат пари. Тие ми стануваат пријатели и во наредните денови ми помагаат околу „транспортот“. - Се шегува!

Се поздравуваме и си заминувам одушевена од работливоста, снаодливоста и мудроста на оваа исклучителна личност, од која треба да се засрамат сите оние здрави и способни плачковци што ништо не работат и чекаат некој да им најде работа.

# „СТАРСКИОТ ДОМ“ НА ДОКТОРОТ

Многу нешта се изменија од кога му почина сопругата. Тага му се всели во душата. Сеќавањата ги потиснуваше во себе зошто го правеа уште потажен. Не дека не беше свесен дека и раѓањето и смртта се дел од животот, но сето ова што му се случуваше беше посилно од него. Ќе земаше да чита нешто, но му бегаше концентрацијата. Ќе пуштеше да слуша музика, станува-ше уште полошо бидејќи и тука беа присутни спомените.

Одеше низ куќата која сега му изгледаше уште поголема и попразна. А колку убави им беа плановите додека ја градеа со сопругата. Сè беше испланирано. Секое катче имаше одредено и име и намена. Ама никогаш не е онака како што посакуваме. Синот се ожени, но невестата не сакаше да живее со свекорот и свекрвата. Сакаше да бидат сами, демек да се осамо-стоиле. Отидоа да живеат во двособен стан, каде немаше ни соба за детето кое набргу се роди. Кадешто

немаше двор полн  цвеќиња и лулка на која ќе се лула внукот. А овде кај него го имаше сето тоа, но собата беше празна, а на лулката се лулаше ветерот.

Не помогнаа ни молбите ни заканите. Си останаа тие на својата одлука да живеат сами. Сега откако почина сопругата беше уште пострашно, попразно...

Што да стори за да ја пополни таа застрашувачка празнина?! Да се исели во некое далечно место каде ништо нема да го потсетува на минатото? Да купи мала куќичка покрај некое море или езеро? Отсекогаш сакал да живее покрај вода и да го слуша шумот на брановите. Или да купи билет и да патува? Да види други земји, други цивилизации? И тоа му беше една мисла од плановите кога ќе замине во пензија. Ама не му се патуваше сам!

Тоа утро излезе да се прошета. Си мислеше ќе види некој од познатите, ќе си поприкаже. Ќе слушне и за маките на другите, па може ќе му биде полесно..

-Добар ден, докторе. Како си?

-Добро сум. А ти како си?

-Еве излегов да прошетам, дома на внуците им пречам. Јас сакам вести да гледам, тие скаат филм!

-Не грижи се, дојди кога сакаш кај мене, ќе гледаме заедно сè што сакаш, а интересирањата ни се исти како и годините.

Се поздравија, а докторот продолжи по улицата. Сретнуваше стари пријатели и познајници. Секој му ја кажуваше својата мака: што го боли, што му пречи, што го нервира.....

Со секој ќе муабетеше, а неколкумина од нив ги покани што почесто да доаѓаат кај него за да се дружат и да ја бркаат самотијата.

И така се заредија деновите. Немаше ден, а некој да не дојде да го посети. Си разговараа, гледаа телевизија, играа шах, пиеја чај, а понекогаш и чаша вино или ракија и тогаш се правеше групно салата, се приготвуваше нешто за јадење...

Се запролети. Друштвото се пресели во преубавата градина, која сите ја уредуваа, кој колку може и умее.

Едно утро се разбуди среќен. Најде решение за својот проблем. Се облече, се дотера и тргна кон целта.

-Добар ден, докторе. Што ве донесе кај нас?! – Го праша службеникот од зад бирото.

-Сакам мојата куќа да стане бесплатен старски дом. Има доста соби, голема градина и лекар кој ќе се грижи за здравјето на станарите. Имам само неколку услови: станарите да си ги одберам јас, вие да ми дадете хигеничарка и одвреме - навреме да ми праќате некој кој ќе се грижи за поправките во куќата. Сега за сега само тоа, а за понатаму ќе видиме како ќе ни оди. По мојата смрт со мојот старски дом ќе раководи градот на кој му го подарувам!

Веста бргу се расчу низ градот. Обично е така во малите места. Некои се чудеа, некои ја одобруваа неговата постапка.

По два дена се огласи ѕвончето на вратата. Кога ја отвори, со изненадување се  сретна со лутиот поглед на неговиот син.

-Што правиш? Кај ти е умот? Се дава ли толкав имот на градот? Помисли ли на мене? Па јас сум ти син!

Го гледаше и не му се веруваше. Од каде олкава лутина и гнев? Од каде му е право на овој млад човек да го прашува кому ќе му го даде она што тој го создаде со својот труд? Каде беше сите овие години да дојде и да го праша како е? Му треба ли нешто?

-Син?! Јас одамна немам син! Имам само пријатели и другари, - и му ја затвори пред нос вратата.

# МЕРАК

Живееја во иста улица, што се вели, куќа до куќа. Ангелина живееше со сопругот и двата сина во истата куќа во која беше родена, како и сопругот на Бојана, во куќата до нејзината. Бојана и сопругот на Ангелина беа дојденци во улицата.

Ангелина беше самоуверена, енергична, интелегентна жена, со црна коса и бел тен, со големи бистри очи со кои, кога ќе те погледнеше мислиш дека те скенира од глава до петици. Бојана пак, сосема поинаква: нежна, русокоса, повлечена и тивка.

И покрај тоа што многу беа различни, уште од самиот почеток се зближија, станаа вистински сосетки. Си одеа една кај друга, пиеја кафе, си помагаа во решавање на ситните животни проблеми. И разговорот им одеше. Имаа секогаш за што да зборуваат, како две вистински информирани интелектуалки. Годините минуваа, тие веќе станаа средовечни жени со големи израснати деца. Уште малку па ќе станат и баби.

Понекогаш Бојана ќе забележеше како Ангелина ќе го упати погледот кон нејзиниот двор особено ако таму беше нејзиниот сопруг, но тоа беше само за миг и муабетот ќе продолжеше да тече како ништо да не се случило....

....Тој ден дојде Бојана кај Ангелина целата во солзи, со потечени очи, вознемирена...

-Што е, што ти се случило?! Ја праша Ангелина прегрнувајќи ја нежно.

-Синојќа се скаравме. Муабетот почна сосема оби-чно. Слушавме некоја песна на телевизија за љубов и мерак. И збор по збор, замисли, мојот драг сопруг ми призна дека сѐуште не ја заборавил својта прва љубов и дека и денес понекогаш мисли на неа. Замисли, по толку години, иако не знае ни каде е, ни со кого е, да ли е жива .... Можеш ли да го сфатиш тоа?!

-Можам. Можам како да не. Пред да ти откријам една тајна, ќе ти ја објаснам разликата меѓу меракот и љубовта, опеани во многу песни, за кои се напишани многу романи. „Љубовта е отровна, меракот е довека", потсети се. И меракот е љубов, но тоа е синоним најчесто за неостварена желба, за неотсонуван сон, за љубов која од разноразни причини немала среќен крај. Меракот е нешто што го носиме во себе цел живот, бидејќи во желбите и сонот, нема расправии, нема нав-реди, нема ситни и големи животни проблеми. Доволно е да помислиш на меракот и срцето да ти се исполни со некакво носталгично чувство кое те прави да бидеш среќен на некој посебен начин. Тој што тоа не го познава, лишен е од едно многу убаво чувство, несекојдневно

чувство. Велат, и ако се случи меракот да ти се оствари, тој веќе престанува да биде мерак. Се претвора во нешто обично, во нешто што го поседуваш, во нешто за кое престануваш да сонуваш! Тоа се случува со секој вид мерак, од желба да поседуваш убава кола, до тоа да биде твој човекот од твоите будни сонувања.

Со мојот мерак речиси израснавме заедно. И тогаш бевме нераздвојни. Го обожавав. А тој дојде еден ден и ми кажа дека е вљубен во една негова колешка од факултет. Неговите зборови ме пресекоа. Останав без здив, но не реков ништо. Секој ден ми раскажуваше сè за неа. Како се сретнале, што му рекла, каде пиеле кафе, како седел заедно со неа во читалната, како се чувствувал кога прв пат ја бакнал... Молчев и слушав, трпев, а ноќе и плачев. Не му кажав за моите чувства бидејќи гледав колку е вљубен и среќен. И така течеа деновите сè до тој ден. Се сеќавам како да беше денес. Дојде натажен, разочарен и лут: „Таа заминува со своите надвор од нашата земја. Таму ќе ги продолжи студиите. Рече дека постојано ќе ми пишува, ќе бидеме во контакт.“ Така и беше. Таа му пишуваше, а ние си продолживме со другарството и дружењето како ништо да не се случило. Не беше она што го посакувам, но бев на некој начин задоволна надевајќи се дека нашето дружење ќе прерасне во нешто друго. „Денес добив писмо од неа. Ми пишува дека идниот месец се мажи“. Го слушав, а срцето ми трепереше од радост. Можеби мојот сон ќе стане јаве. Прво го тешев, потоа таа тема ја подзаборавивме, но јас стрпливо чекав, иако некогаш по неколку дена немаше да се видиме... По неполна

година дојде ме гушна и ми вели: „Ангелино, ќе се женам. Во врска сум со една многу фина и убава девојка од работа. Бремена е. Ќе ја донесам за да ве запознаам. Многу е мила. Како мелем на рана е.... По неколку години и јас се омажив. Не сакав да останам сама. Би лажела ако речам дека не сум задоволна од животот, а и од бракот. Како што гледаш ние двете имаме нешто заедничко. Ние и двете сакаме човек, но ниту едната од нас не сме неговиот мерак.

-Никогаш ли не му ја кажа твојата тајна на твојот мерак?

-Не. Зошто? Можеби нешто ќе се сменеше, но можеби ќе го изгубев и за пријател. Продолживме да се дружиме како и дотогаш...

-А жена му?

-Еве ја пред мене!

Бојана ја гледаше Ангелина вчудоневидена. Не можеше да поверува во она што го слушна. Тоа беше последното нивно заедничко пиење кафе.

# ПОСЛЕДНИОТ РАЗГОВОР СО МАЈКА МИ

Ја гледам седната спроти мене. Косата сива, сребрена. На лицето нежни шари, дневникот на животот. Сè е изменето, смалено, како да тргнало да исчезнува. Годините си го прават своето. Па и не се малку. На половина од деветтата деценија. Само очите се исти. Ме гледа и ме милува со погледот. Си прикажуваме за сè и сешто, но најмногу за минатото, за спомените. Ги одбегнува неубавите и тажните нешта со мудроста на годините.

- Убаво би било да си заминам... А и немам некоја работа за завршување. Сè сум завршила: ве израснав, ве изучив, станавте луѓе. Доста е. Сè сум видела, и добро и лошо. Ги паметам само убавите нешта. Правев добро колку што можев и каде што можев. Со збор, со помош... Чувствувам желба за спокој, за сон без будење... Уморна сум од животот. Не се плашам од смртта. Се плашам од чинот на умирањето.

Се плашам од разделбата... Таа ми го нарушува спокојот. А и таму ќе имам повеќе друштво. Таму ми се родителите, таму е татко ти. Таму ми се пријателките, другарките. - Се насмевнува резигнирано.

- А се плашам и од дупката, од гробот.

- Зошто, па кој починат „гледа“ во неа? Свртен си кон небото, кон господа. Каде ти е храброста? Па ти знаеш да излезеш на крај со сè, дури и со многу тешки премрежиња. – Ѝ велам, знаејќи ја мајка ми како умна и духовита жена.

- Господ, не бев некој голем верник. А такви беа и времињата. Сепак, секогаш кога ќе побегнев од денот што изминуваше, му се молев да нè чува. Па и немав на кој друг да му се обратам со молба. И благодарна сум му, нè чуваше. А она, за небото. Би сакала тој ден да е чисто и да е сино. Би сакала да заминам во пролет. Во некој убав пролетен ден. Кога има многу цвеќиња. Кога сè е весело и распеано. Кога сè е позлатено од сончева светлина и измиено од пролетен дожд. Да заминам испратена од вас и од убавината. Не сакам да е студено. Ќе ме оставите и ќе ве избрка студот и ветерот. Не сакам ни да е лето. Да е жешко. Не сакам ни да е есен и да врне, да ме спуштите во калта, а и нема да се знае дожд ли е, солзи ли се на вашите лица. Се шегувам. Иако сум стара, сакам барем една солза да капне по мене или заради мене. Како благодарност, како доказ дека сум била жива, дека заминува човек. Многу се чувствувам лошо кога ќе се сетам на некои испраќања на стари луѓе. Никој не плаче, никој не жали. Имаш чувство дека едвај чекале да се ослободат од

товарот, од стариот. Зошто?! Па нели помислуваат дека и тие ќе остарат еден ден. Нели помислуваат дека достоинствено испраќање е долг и почит кон оној што заминува.

Ја гледав и ѝ се чудев на муабетот, на мудроста…

Се приближуваше денот на нејзиното заминување. Веќе три дена лежеше на постела. Молба ѝ беше да сме разумни. Да не ѝ стоиме на патот по кој тргнала.

- Доволно е. Доста поживеав. Не сакам да залежам. Не сакам да ви омрзнам ни вам, ни себе си, - беа нејзините последни гласни размислувања.

Седејќи покрај нејзината постела ја држев за раката. Таа ги затвори спокојно очите и прошепоти:

- Читај ми нешто убаво.

Почнав да ѝ читам… Во еден момент некоја чудна тишина ја исполни собата.

-Мамо, - викнав, но немаше одговор. Нејзината рака во мојата, затрепери. Нежна, бледа насмека ѝ се разлеа на лицето. Се сврте кон прозорецот, воздивна и замина. Згасна како да си изгасил пламенче од свеќа. Замина тивко, достоинствено, како и што живееше.

Држејќи ѝ ја сѐуште раката, си помислив: ѝ се исполнија сите желби: не залежа, лесно си замина, Пролет е!

# Наместо биографија

Се викам Калина Сливовска-Андонова

Родена сум во Куманово на 13-ти јули 1946 година. Во тој жежок јулски ден на половина од летото било прашање да ли сум жива или не. Победил животот.

Во прво одделение заучив со радост. Во трето одделени го изгубив татко ми на кој му се восхитував и додека беше жив, а така е и денес 60 години откако нè напушти. Беше интелегентен образован човек, а името му беше соодветно: Климент. Знаеше многу. Свиреше на неколку инструменти, од кои најомилена му беше виолината која, кога ја продадовме со парите живеевме неколку месеци, сè додека не добивме пензија. Татко ми имаше уште една дарба: многу убаво црташе. Во школото во кое учел на ѕидот биле закачени географски карти и други нагледни средства кои татко ми ги цртал со своја рака.

По неговата смрт во нашиот дом влезе сиромаштијата со која мајка ми Пенка се бореше како што знаеше и умееше. Испливавме благодарение на нејзината упорност и снаодливост. Сите тројца: сестра ми, јас и брат ми.

Но од тоа време во мојата душа остана црна дупка која со ништо не се пополни. Секогаш чувствував дека нешто ми недостасува. Мислам дека е така со сите деца што израснале како сираци. Како последица на

тоа, кога можев секогаш им помагав на оние која ја имаа истата судбина.

По гимназијата се запишав на електронски факултет во Ниш, кој беше оддел на Белградскиот факултет. По завршувањето работев една година во Куманово, мојот роден град кој ми даде стипендија без која моето школување немаше да се продолжи.

Во 1970 година дојдов во Скопје и се вработив како дипломиран инженер во Мекедонската телевизија.

По доаѓањето во Скопје се омажив за Никола Андонов и станав Сливовска-Андонова и мајка на Слободан кој го носи името на мојата драга другарка со која се дружам повеќе од 50 години.

Со мојата работа во МРТ ме врзуваат убави спомени. Преминување на телевизијата од црно-бела во колор, преселбата во новиот дом, која единствени ние во тоа време ја направивме во од" без прекин на програмата, а честа беше моја да го извршам префрлувањето на сигналот заедно со неколку други мои колеги кои денес никој и не ги споменува!

Македонската телевизија во тоа време стана членка на Евровизија и единствен претставник на Македонија. Исто така, во мое време МРТ ја доби на подарок и првата сателитската антена со која испраќавме сигнали во светот од Олимпијадата во Атина, а потоа и за сите случувања во нашата земја.

Во МРТ го поминав целиот работен век од најниското до највисокото инженерско место. Секогаш се трудев да бидам праведна, вистинољубива и одго-

ворна и како колега и како претпоставена, го бранев своето мислење, но го почитував и туѓото!

Во 2005 станав пензионер. По природа сум љубопитна, динамична и дружељубива. Можеби тие мои карактеристики, како и мојата голема љубов кон читањето и пишувањето, ме однесе во едни други води, во новинарството. Имав среќа за оваа професија да учам од Драги Аргировски, искусен и познат новинар и публицист, па така станав и јас новинар, па дури и уредник во пензионерскиот весник „Пензионер плус“.

Убаво се чувствувам дружејќи се со моите другари, пријатели и мојата снаа Ирена, со кои ме врзува долгогодишно другарување со какво ретко кој може да се пофали. Работата во весникот ме исполнува и ја сакам. Се радувам на моите внуци Филип и Дамјан на кои се трудам да им ја пренесам желбата за знаење и за читање. Така е досега, натаму како ќе биде, ќе покаже времето...

# Содржина

Видување за книгата на Драги Аргировски, новинар и ублицист............................................................................3
Мислење за книгата на Таска Гавровска, вљубеник во убавиот пишан збор ..................................................7

1. Трето доба .........................................................11
2. И домот е дом..................................................15
3. Татко...................................................................19
4. Судбина...............................................................23
5. Соживот...............................................................27
6. Малку треба за среќа.........................................30
7. Виолинистот........................................................33
8. Газдарица.............................................................39
9. Новогодишна приказна.......................................43
10. Другарки.............................................................47
11. Селма..................................................................52
12. Прељубници........................................................57
13. Во име на љубовта..............................................60
14. Зошто..................................................................63
15. Дете....................................................................67
16. Бели рози...........................................................71
17. Посета.................................................................78
18. Дилема...............................................................83
19. Закон..................................................................87
20. Приказна за еден пензионер...............................92
21. Задоцнето признание..........................................95

22. Заробеник.....................................................................99
23. Кате.........................................................................103
24. Таа..........................................................................107
25. Разделба.....................................................................112
26. Те љубам, Лидија.............................................................117
27. Роса стана попадија..........................................................121
28. Петра и учителот.............................................................125
29. Средба.......................................................................130
30. Еленче и нејзините баби......................................................133
31. Прости ми....................................................................137
32. Цвеќарката...................................................................141
33. „Старскиот дом“ на докторот..................................................143
34. Мерак........................................................................147
35. Последниот разговор со мајка ми...............................................151

Наместо биографија...............................................................154

Посебна благодарност до

**СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**

за финансиската поддршката овие раскази да бидат отпечатени

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-32

СЛИВОВСКА-Андонова, Калина
Судбини / Калина Сливовска-Андонова. - Скопје : К. Сливовска-Андонова, 2015. - 168 стр. ; 20 см

ISBN 978-608-245-098-8
I. Андонова, Калина Сливовска- види Сливовска-Андонова, Калина

COBISS.MK-ID 99101706